# ТРАНСПОРТ ЛОГИСТИКА

ИНФОРМАТИВЕН И ЕДУКАТИВЕН МЕСЕЧНИК

ISSN 1857-7962 ■ БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК ■ број 156 ■ ноември 2018 ■ www.amerit.org.mk



## ИНТЕРВЈУ

РАНКО СТОЈАНОВИЌ

Оперативен директор на СИЗ „Македонија сообраќај“ АМЕРИТ

**АКТИВНО ГИ СЛЕДИМЕ СИТЕ ТРЕНДОВИ И ПОСТОЈАНО ВОВЕДУВАМЕ НОВИ УСЛУГИ**

## АКТУЕЛНО

Во Станицата за технички преглед на Мото АМЕРИТ во Момин Поток

**БЕСПЛАТЕН ЗИМСКИ ПРЕВЕНТИВЕН ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВОЗИЛА**

## ТЕМА НА БРОЈОТ

За олеснување и забрзување на трговијата, а и на транспортот

**„ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР“ – КОНЦЕПТ, СТАТУС, НО И МАРКА ЗА КВАЛИТЕТ**







АМЕРИТ
СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

MakedonijaSoobrakajAMERIT

ул. „1506" бр.22, Момин Поток, 1000 Скопје | тел: 02/ 32 98 967 | www.amerit.org.mk




# СЕДНЕТЕ НА ВАШЕТО ОМИЛЕНО МАН СЕДИШТЕ ВЕДНАШ!

Најголем избор на нови камиони
со можност за испорака веднаш!

МАН Импортер Македонија д.о.о.е.л | Ул.2, бр. 84 Илинден, Скопје
Тел. 02/511 63 79, 02/511 50 80 | www.mantruck.mk

ASSOCIATE
TRAINING
INSTITUTE
IRU

# АМЕРИТ

СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ





ЦЕНТАР ЗА ОБУКА | СЕРТИФИКАТИ | МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И АКРЕДИТАЦИИ

АМЕРИТ
**ЦЕНТАР ЗА ОБУКА**

тел. **02/ 32 98 967** лок.130
e-mail: **obuka@amerit.org.mk**


ОСИГУРЕНИ ГУМИ,
СИГУРНО ВОЗЕЊЕ
ЕДИНСТВЕНО ВО МОТОЦЕНТАР
MOTOCENTAR
triglav
За повеќе информации
www.motocentar.com.mk I www.triglav.mk


TRAEKT.MK
РЕЗЕРВАЦИЈА НА ТРАЕКТ, ТУНЕЛ, МОСТ, ВОЗ
ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ
Тел: 02 32 98 967 | e-mail: traekt@amerit.org.mk | www.traekt.mk

## АКТУЕЛНО



8

Во Станицата за технички преглед на Мото АМЕРИТ во Момин Поток

**Бесплатен зимски превентивен технички преглед на возила**

## ТЕМА НА БРОЈОТ



9

За олеснување и забрзување на трговијата, а и на транспортот

**„Овластен економски оператор“ – концепт, статус, но и марка за квалитет**

## ИНТЕРВЈУ



13

Ранко Стојановиќ, Оперативен директор на СИЗ „Македонија сообраќај“ АМЕРИТ

**Активно ги следиме сите трендови и постојано воведуваме нови услуги**

## 12 АКТУЕЛНО

На јавниот повик на Фондот за иновации и Министерството за транспорт и врски

**Иновативното решение на „Некстсенс“ прворангирано за „ПристАПП транспорт“**

17 Измени на Законот за возила за справување со загадувањето на воздухот

**Еко-налепници, субвенции, жолти таблички за таксистите...**

## 18 ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Двата автопати во изградба, ги надминаа главните пречки во реализацијата

**Со Миладиновци – Штип се приврШува, а за Кичево – Охрид се комплетираат финансиите**

19 Во буџетот на Министерството за транспорт и врски за наредната година

**Над 6,4 милијарди денари за капитални инфраструктурни проекти**

## 20 ЦАРИНА

Почеток на новата дигитална ера на Царината

**Нов електронски систем СОЦДАД за обработка на царински декларации**

21 Царинската управа продолжува со циклусот промоции

**Предностите од ОЕО презентирани и пред економските оператори од Охрид**

## 22 МЕТРОПОЛА

За подобрување на јавниот транспорт во главниот град

**ЕБОР го одобри заемот за 35 нови еко-автобуси за ЈСП „Скопје“**

23 По неодамнешните најави

**Објавен тендер за сообраќајница и тунел под Кале**

## 24 МЕРИДИЈАНИ

На Светскиот конгрес на ИРУ одржан во Мускат, Оман

**Транспортни лидери од 75 земји дебатираа на темата „Иновации во движењето“**

25 Финален документ потпишан на Светскиот конгрес на ИРУ

**Muscat Compact – патоказ за иновативниот развој и иднината на патниот транспорт**

## 28 БЕЗБЕДНОСТ

18 Ноември – Светски ден на сеќавањето на жртвите од сообраќајни незгоди

**Во Македонија 160 лица годишно го губат животот по патиштата**

ТРАНСПОРТ И ЛОГИСТИКА

АМЕРИТ
СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

Адреса:
бул. Партизански одреди 17/4, 1000 Скопје
Телефон: 02 32 98 224
Факс: 02 32 98 968
e-mail: amerit@amerit.org.mk
web: www.amerit.org.mk
facebook: MakedonijaSoobrakajAMERIT
жиро-сметка: 320100023724261
Депонент: Централна кооперативна банка АД
Даночен број: 4030000394212

ТЕКСТОВИТЕ И ФОТОГРАФИИТЕ НЕ СЕ ВРАЌААТ

Адреса:
ул. „1506“ бр. 22, Момин Поток, 1000 Скопје
Телефон: 02 32 98 967
Издава:
СИЗ Македонија сообраќај АМЕРИТ
Подготвува и уредува:
Здружение за комуникација со јавноста „Контакти“ - Скопје
Дизајн и печатење:
НЕКСТ ПРИНТ ДИГИТАЛ, Скопје
Лектура:
Матилда Саздова

## Пожар и некои други опасности

Заштитете го вашиот имот од пожар, удар од гром, поплава, удар од непознато моторно возило и други видови опасности.

## Домаќинско

Заштитете го вашиот дом од пожар, кражба и одговорности од трети лица.

## Кражба и разбојништво

Не дозволувајте вашата компанија да биде цел на кражба и разбојништво..

## Машини

Осигурајте ги вашите машини од расипување.

## Животно осигурување

Заштитете се Вие и Вашето семејство со полиса за животно осигурување

## Авто-одговорност

Задолжителна регистрација на Вашето моторно возило

## Каско

Доброволно осигурување од штета на сопственото моторно возило од најразлични оштетувања.

# СИТЕ ВИДОВИ ОСИГУРУВАЊЕ НА ЕДНО МЕСТО

## Превоз на стоки (Карго)

Превоз на стоки (карго) во домашен и меѓународен транспорт.

## Одговорност на превозници

Одговорност на превозници во меѓународен и домашен транспорт.

## Бродови и чамци на моторен погон

Задолжително осигурување на бродови и чамци на моторен погон од одговорност за штети причинети на трети лица.

**ул.Коле Неделковски бр.12А-1, 1000 Скопје |**
**тел. 02/329 99 29**
**www.nob.mk | nob@nob.mk**

Во Станицата за технички преглед на Мото АМЕРИТ во Момин Поток




# БЕСПЛАТЕН ЗИМСКИ ПРЕВЕНТИВЕН ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВОЗИЛА

Мото АМЕРИТ ја продложува традицијата на бесплатни превентивни технички прегледи, во чиј склоп се вршат контроли на сите уреди на возилата од кои зависи нивната безбедност на патиштата

Станицата за технички преглед на Мото АМЕРИТ во Момин Поток, која е организациона целина на СИЗ „Македонија сообраќај" АМЕРИТ, најстарата транспортна асоцијација во Република Македонија, и на почетокот на оваа зимска сезона нуди бесплатен превентивен технички преглед за сите сопственици на моторни возила. Со тоа, Мото АМЕРИТ ја продолжува традицијата на бесплатни превентивни технички прегледи, како во летниот така и во зимскиот период, а во чиј склоп се врши контрола на уредите на моторните возила кои се одговорни за активната и пасивната безбедност на возилата, како и на останатите уреди за безбедна употреба на возилата во сообраќајот на патиштата. Притоа, како што посочуваат во Мото АМЕРИТ, во нивната Станица за технички преглед во Момин Поток, сопствениците на моторни возила можат да добијат и цел сет други услуги, како и да им бидат издадени низа неопходни транспортни, осигурителни и други документи неопходни во патниот сообраќај.

– Во Мото АМЕРИТ, покрај технички преглед и осигурување може да се изврши: хомологација и атест на возила, добивање на ЕКМТ, АТП и АДР-сертификати, калибрација на аналогни и дигитални тахографи, а и мноштво други услуги – вели м-р Иван Илиевски, раководител за развој во Мото АМЕРИТ. Кај нас, на едно место, ги имаме обединето сите потребни услуги, како за физички, така и за правни лица, кои вршат превоз на стока или патници во домашниот и во меѓународниот транспорт. Со тоа, на клиентите, во голема мера им ја олеснуваме работата и им заштедуваме време и финансиски средства. Мото АМЕРИТ располага со обучен и стручен кадар, како и со модерна опрема за давање професионална и брза услуга. За таа цел, се обрнува посебно внимание и во делот на континуирани обуки на вработените бидејќи оваа материја е многу динамична и бара секојдневно следење на сите промени, како во легислативата во Република Македонија, така и во Европа – додава Илиевски.

Од Мото АМЕРИТ има и потсетување дека од 15 ноември е стапена во сила законската обврска за задолжително поседување на зимска опрема во возилата, но, како што велат, покрај тоа што возилата треба да се обезбедат со зимски пневматици и останата зимска опрема пропишана во законските акти, значајно е и целосно да се подготват за зимски услови: да се провери акумулаторот, течностите во ладилникот и резервоарот за миење на ветробранското стакло, филтрите за гориво, свеќичките, грејачите кај дизел-моторите итн.

И обезбедувањето опрема за зимски услови е многу значајно и спаѓа во активностите за превентивно дејствување на сопствениците на моторни возила, односно на возачите, но исклучително е важно возилото да биде и потполно технички исправно, со што најдиректно ќе се придонесе за безбедноста во сообраќајот на патиштата.

J.С.Б.



За олеснување и забрзување на трговијата, а и на транспортот




# „ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР“ – КОНЦЕПТ, СТАТУС, НО И МАРКА ЗА КВАЛИТЕТ

Концептот на „Овластен економски оператор“, во својата суштина содржи цела низа поволности и придобивки за оние компании што (ќе) го поседуваат, односно на кои ќе им биде доделена соодветната лиценца

Соочени со разни блокади, ограничувања, административни и секакви други пречки и тешкотии во работењето, како во домашни, така и во меѓународни рамки, македонските патни превозници постојано бараат разни транспортни, царински, финансиски и други олеснувања, кои би им го направиле поблагопријатен деловниот амбиент во кој функционираат, или поедноставно кажано, барем малку ќе им го олеснат бизнисот, а со тоа и животот, и тоа не само на нив туку и индиректно на нивните клиенти, корисници на транспортните услуги. Токму таква поубава перспектива и шанса во нивното секојдневно работење им нуди една алатка што надлежните државни органи, Царината и ресорните министерства, а и меѓународните организации и тела во регионот на Балканот ја подготвуваат во последнава деценија. Имено, станува збор за концептот, системот и статусот на „Овластен економски оператор“, кој во својата суштина содржи цела низа на поволности и придобивки за оние компании што (ќе) го поседуваат, на кои ќе им биде доделена лиценцата, односно одобрението за ОЕО што ќе ѝ овозможи на компанијата сама да го врши царинењето (еден вид „сам свој цариник“), а тоа значи дека ќе има олеснувања во однос на царинењето, контролата и добивањето на какви било други одобренија од страна на царината. Притоа, ќе се намалат можностите од контроли и процедури за компаниите кои имаат голема фреквенција на царинење, а на кои ќе им се намалат трошоците и ќе можат да го контролираат времетраењето на испорака на стоката. Услов е компаниите, кои ќе добијат одобрение за ОЕО, да имаат развиени интерни контролни системи, но и многу други квалитети.

Концептот за ОЕО, кај нас почна да се разработува поинтензивно пред шест години, поточно во 2013 година, кога уверение за ОЕО доби „Џонсон Контролс Македонија“, а неколку компании добија одобренија за поедноставени царински постапки што е еден вид предуслов и за стекнување со статусот ОЕО. По неколугодишното затишје, дури годинава Царинска управа на Македонија, како што велат од таму, ги рестартираше активностите за промовирање на концептот на ОЕО и за неговото значење за економските оператори. За таа цел, во септември и во октомври се одржаа четири работилници и средби во Струмица, Скопје и Охрид, помеѓу носителите на политиките: Владата на РМ, Министерството за финансии, Царинската управа и претставниците на приватниот сектор што учествуваат во царинското работење и логистичкиот бизнис. На овие работилници, компаниите имаа можност подетално да се запознаат со предностите и поволностите од добивање на статусот на ОЕО: намален број на проверки на документи и контрола на стоките, доставување на „претходни информации пред поднесувањето на царинската декларација“ што овозможува пуштање

www.amerit.org.mk



на стоката во слободен промет пред плаќањето на царинските и увозните давачки, како и можност за периодично поднесување на царинската декларација. Значајна е и промоцијата во соработка укажува на тоа дека економските оператори во Република Македонија, како што се: производителите, извозниците, увозниците, шпедитерите и транспортерите, во меѓународниот синџир на снабдување се безбедни и сигурни и дека нивните царински контроли и процедури се ефикасни и усогласени. Тој додаде дека: преку ОЕО се олеснува и забрзува меѓународната трговија; царинските постапки се одвиваат со минимум потребното време, само за проверка на документи, а се намалуваат и трошоците за економските субјекти. Исто така, напомена и дека концептот засега функционира во зем-јите членки на ЦЕФТА, а понатаму и во земјите на ЕУ и апелираше до ком-паниите да ги искористат неговите предности.

Претседателката на Сојузот на стопански комори, Данела Арсовска, смета дека е најважно тоа што процесот тргнал, а компаниите кои се извознички или се занимаваат со транспорт, со добивањето на оваа лиценца ќе бидат препознаени како бренд со квалитет еднаков на европскиот.

– Придобивките за стекнување статус на „Овластен економски оператор“ кај компаниите се бројни од аспект на олеснувањето и забрзувањето на трговијата, промовирањето на извозот и економскиот раст. Поточно, компаниите кои ќе се стекнат со статусот ОЕО, ги задоволуваат предвидените законски критериуми и се сметаат за безбеден и сигурен партнер во трговскиот синџир на снабдување. Од друга страна, стекнувањето со овој статус,

**По неколкугодишното затишје, годинава Царинската управа на Македонија ги рестартираше активностите за промовирање на ОЕО и на неговото значење за економските оператори**

со Сојузот на стопански комори на Македонија, одржана во Скопје, на која беше посочено дека најголем интерес за добивање лиценца за овластен економски оператор, има од оние компании што се занимаваат со транспорт, логистика и шпедиција, како и дека се очекува, во земјава, 150 компании да можат да ги достигнат условите кои се бараат за оваа лиценца. Истовремено, беше најавено дека два економски субјекти („Европа“ и „Фершпед“) до крајот на годината ќе ја добијат лиценцата и ќе бидат првите економски овластени оператори кои ќе вршат царински контроли со значително олеснети процедури.

– Концептот „Овластен економски оператор“, Царината го најави пред пет години, но дури во јуни годинава, со измените на Законот за царина, се создадени услови за негова целосна имплементација – рече притоа Ѓоко Танасоски, директорот на Царинска управа на Македонија. Тој, вината за тоа ја гледа не само во Царинската управа, која не ја промовирала доволно оваа алатка туку и во компаниите кои не пројавиле интерес.

– Сега, ние како Царинска управа започнуваме со низа промотивни активности за подигање на нивото на запознавање на компаниите со концептот ОЕО, кој е меѓународно признаена марка за квалитет, која

Вицепремиерот Кочо Анѓушев за ОЕО

## „Залудно нова инфраструктура, ако за царинење се чека со часови!“

– Воведувањето на „Овластен економски оператор“ како концепт е дел од активностите кои Владата ги реализира во рамките на „Берлинскиот процес“, за интензивирање на економската соработка на земјите од регионот на Западен Балкан, како и за повисоко ниво на соработка на земјите членки на ЦЕФТА, но и како подготовка за пристапување кон европскиот пазар. ОЕО е титулар што една компанија треба да го поседува за да има олеснети царински процедури, не само во Македонија туку и во регионот. Практично, доколку една извозно ориентирана компанија се стекне со назив „Овластен екномски оператор“, во тој случај производите директно од фабрика, со олеснети процедури, побрзо ќе транзитираат во земјите кои се опфатени со „Берлинскиот процес“. Процесот на олеснување на административните процедури е комплементарен со изградбата на инфраструктурата во земјата затоа што нема да ги постигнеме посакуваните ефекти, ако со изградба на квалитетни патишта и железница се скуси патувањето на стоките за 20-тина минути, а потоа на граничните премини тие стојат повеќе




часови за царинење. Извозните компании треба да го препознаат овој концепт како можност за подигнување на сопствената конкурентност на меѓуна-родните пазари – нагласи Кочо Анѓушев, вицепремиерот за економски прашања во Владата, на работилница за ОЕО, што на крајот на ноември се одржа во Царинската управа.

за домашните компании е исто така предизвик затоа што станува збор за процес на имплементација на високи стандарди – рече Арсовска.

Патните транспортери во земјава, кои најчесто се споменувани на овие промоции на ОЕО како најзаинтересирани за него, тоа го потврдуваат и со своето присуство. Во исто време, за некои од нив ОЕО е вистински предизвик, со кој, велат, ќе се соочат, порано или подоцна.

## Најголемо интересирање за ОЕО има од фирми што се занимаваат со транспорт, логистика и шпедиција, а се очекува 150 компании да аплицираат за лиценцирани овластени економски оператори

– Со големо внимание ги следиме презентациите и новините во врска со концептот „Овластен економски оператор“ што како новина беше објавен во Царинскиот закон уште во 2006 година – истакна Стојче Василев, директор на шпедиција во транспортната и логистичка компанија „Боми 10 Логистик“ од Скопје. – За нас, овој концепт е познат и многу често е дискутиран со нашите странски партнери од Германија и во Холандија. Запознаени сме со бенефитите од примената на ова одобрение, но само во условите кои ги имаат компаниите во ЕУ. Македонските компании би го почувствувале бенефитот со заживувањето на ЦЕФТА-Унијата, каде што одобренијата за ОЕО ќе бидат признаени кај членките на ЦЕФТА и ќе постои меѓусебно признавање не само на одобренијата за ОЕО, туку и за сите останати документи што ги издаваат земјите членки на ЦЕФТА. Очекуваме дека ќе се прошири просторот за учество со наши услуги на овие пазари, но и зголемување на конкуренцијата од страна на останатите логистички компании од земјите членки на ЦЕФТА. Сметам дека во моментов многу малку компании можат веднаш да одговорат на критериумите, кои се бараат за примена на овој концепт. Високи се барањата во делот на исполнување на безбедносните и сигурносните стандарди, како и кај критериумите за добивање на одобренија за царински поедноставувања. Потребно е да се работи на долгорочни патеки, да се инвестира во обука на вработените, да се ангажираат стручни кадри за примена на ИСО-стандардите, хардверска и софтверска поддршка за протокот, следливоста и архивирањето на податоците и на сите оперативни информации. Неопходно е формирање на тимови кои ќе го следат, коригираат и гарантираат спроведувањето на условите од одобрението за ОЕО. „Боми 10 Логистик“ е меѓу првите компании, кои започнаа со примена на поедноставените постапки за локално царинење што претставува предуслов за стекнување на одобрението за ОЕО. Искуството од 10 години, како иматели на одобренија за царинско складирање за поедноставување во транзит, одобренијата за локално царинење увоз и извоз претставуваат доказ дека одобрението за ОЕО, за нас, претставува само продолжување и реализација на нашите долгорочни планови. Ова одобрение мора да го понудиме пред комитентите што ги имаме во Балканските земји и заради барањата на странските партнери со кои соработуваме – наведува Василев.

Запрашан за финансискиот момент, како предуслов за добивање на статусот и концепт ОЕО, нашиот соговорник рече:

– Во секој случај, финансиите имаат голема улога во реализацијата на оваа работа и во економскиот раст кој треба да се случи наредните години за да може компаниите да инвестираат во примената и во развојот на концептот. Инвестиции и обуки за имплементација се потребни кај сите институции, кои се дел од примената на овој концепт: Царинската управа, инспекциите и останатите гранични и внатрешни служби. Со целосната имплементација на новиот царински софтвер, која треба да се случи од средината и до крајот на 2019 година, ќе може да знаеме како ќе се одвива примената на концептот ОЕО. Во прво време е потребно компаниите и Царинската управа заеднички да работат на условите и проценката за секој барател поединечно и да се направи реална проценка дали и колку ги исполнуваме високите стандарди кои ги бара овој концепт, а кој заживеа во земјите членки на ЕУ во последнава деценија – додава Василев. Издвојувајќи го финансискиот аспект, како значаен и битен за влегувањето „во игра“ за ОЕО, и претставници на помалите транспортни фирми потврдуваат дека се заинтересирани за примена и користење на поволностите што тој ги нуди.

– Овој концепт е добра мерка затоа што самите фирми си бараат одобрение и потоа си ги тераат царинските и другите процедури. Како што слушам, кај многу компании постои интерес за тоа, а и треба да има што повеќе со такви поволности. Се разбира, овој концепт е применлив за помоќните транспортни и логистички фирми, кои имаат соодветни можности, кои располагаат со големи магацини, шпедиции, опрема, средства... Ние, моментно не сме во можност, но во некој иден период можеби ќе бидеме, секако, ако ги обезбедиме потребните магацини, односно просторни, кадровски и други услови неопходни за здобивање со ваквиот концепт – вели Валери Трајковски, сопственик и управител на транспортната фирма „Змај Промет“ од Штип.

Во слична конотација е и искажувањето на Зоран Танев, диспечер во „Меџик транс“ од Неготино, кој вели




дека концептот ОЕО повеќе одговара за увозно-извозните фирми и за превозниците, кои редовно работат транспорт на стоки и нивно царинење.

– Главно, тоа е добра мерка за комбинираните транспортно-шпедитерски фирми, кои работат и како царински декларанти и како царински застапници при увоз, извоз и транзит на стоки. Доколку се поедностави процедурата за добивање одобрение за ОЕО, тогаш и ние, иако сме мала фирма и моментно главно вршиме посредување, веќе со евентуално обезбедување на: просторни, кадровски, финансиски и други потребни услови, би биле заинтересирани да влеземе во клубот на таквите ОЕО фирми, кои и низ работењето со тие поволности и во соработката со поразвиените клиенти стануваат поконкурентни на транспортниот пазар – потенцира Танев.

Ј.Б.

На јавниот повик на Фондот за иновации и Министерството за транспорт и врски



# ИНОВАТИВНОТО РЕШЕНИЕ НА „НЕКСТСЕНС“ ПРВОРАНГИРАНО ЗА „ПристАПП транспорт“

„Некстсенс“ доби грант од ФИТР во вредност од 4,52 милиони денари, за изработка на нов софтвер што треба да ја зголеми ефикасноста и работата во секторот транспорт на Министерството за транспорт и врски

ИТ-компанијата „Некстсенс ДОО“ го има најдоброто, прворангирано, иновативно решение на јавниот повик за финансирање на проект за изработка на „Информациски систем за управување во областа на патничкиот и товарниот сообраќај“, финансиран од Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР), а во соработка со Министерството за транспорт и врски на Република Македонија. Проектот, попознат како „ПристАПП транспорт“, за кој „Некстсенс“ доби грант од ФИТР во вредност од 4,52 милиони денари, опфаќа изработка на ново софтверско решение, кое треба да обезбеди поефикасен и потранспарентен процес за издавање на различни видови дозволи и документи за да се зголеми ефикасноста и работата на Министерството за транспорт и врски и да се понудат поквалитетни услуги во секторот транспорт.

– Новиот систем ги опфаќа сите фази од постапката од електронското аплицирање во патничкиот линиски превоз, како и транспортот на стока, предвидени со Законот за превоз во патничкиот сообраќај, управување на постапките за одобрување решенија, па сè до издавање на лиценците и дозволите. Истовремено, со ова системско решение, трошоците за изработка на новиот софтвер и негово одржување ќе се намалат за 52 отсто во однос на системот кој досега се применува. Овој систем, ќе овозможи и интеграција, стандардизација на податоци и процеси, зголемена комуникација меѓу инволвираните страни со цел да се постигне високо ниво на соработка и размена на податоци со останатите системи од другите институции. Системот ќе биде дел од националната платформа на интероперабилност. Дополнително, како дел од ова решение ќе се создаде и Централен регистар на транспортери со информации за сите типови на транспортни компании, според нивните податоци и дејноста – прецизираат од ФИТР.

Со цел да се осигура квалитетот на проектот и ефикасна имплементација на издржано техничко решение кое ќе биде во полза на сите корисници на системот, ФИТР, Министерството за транспорт и врски и ФИНКИ ќе спроведуваат надзор на квартално ниво.

J.С.Б.

Во третото тримесечје од годинава

## Помалку патници во градскиот и во меѓународниот превоз, а повеќе во приградскиот и во меѓуградскиот

Помалку патници се превезле во патниот патнички превоз во третото тримесечје годинава, во однос на тој период лани, објави неодамна Држав-ниот завод за статистика. Притоа, намалувањето на вкупниот број на превезени патници е само 0,1 отсто, но одделно најголем пад од 13,4 отсто има кај меѓународниот превоз, во град-скиот падот е за 6,2 отсто, додека во приградскиот превоз има зголемување за 8,5 отсто, а во меѓуградскиот превоз за 6,4 отсто.

Споредено со второто тримесечје од 2018 година, вкупниот број превезени патници е намален за 18,4 отсто, а според видот на превоз, намалување има во градскиот за 19 отсто, во приградскиот за 22,5 отсто, а во меѓуградскиот превоз за 2,2 отсто, додека зголемување има во меѓународниот превоз каде што бројот на превезени патници е зголемен за 26,3 отсто.

Истовремено, во патниот патнички превоз во третото тримесечје од 2018 година, во однос на истиот период од 2017 година, вкупниот број на патнички километри е зголемен за 0,5 отсто. Според видот на превозот, бројот на патничките километри во градскиот превоз е намален за 5,6 отсто, во меѓународниот за 12,8 отсто, додека во приградскиот превоз е зголемен за 12,3 отсто и во меѓуградскиот за 12,1 отсто.

Споредбата со второто тримесечје од 2018 година покажува дека вкупниот број патнички километри е намален за 2,2 отсто, а според видот на превозот, т. е. во градскиот превоз е намален за 31,6 отсто, во приградскиот за 4,8 отсто, во меѓуградскиот за 3,3 отсто, а само во меѓународниот превоз е зголемен за 28,1 отсто.




РАНКО СТОЈАНОВИЌ

Оперативен директор на СИЗ „Македонија сообраќај" АМЕРИТ

# АКТИВНО ГИ СЛЕДИМЕ СИТЕ ТРЕНДОВИ И ПОСТОЈАНО ВОВЕДУВАМЕ НОВИ УСЛУГИ

Од секогаш се стремиме на сите можни начини и во границите на нашите можности да им помогнеме на македонските превозници

**Како ја оценувате актуелната состојба во патниот транспорт во домашни и во меѓународни рамки, гледано од аспект на членките на СИЗ „Македонија сообраќај" – АМЕРИТ?**

Интересирањето за работата на транспортните компании се зголемува како на домашен терен, така и во странство. Можам да констатирам раздвижување и во патничкот и во товарниот сектор. Работните групи за патен транспорт – товарен и патнички сообраќај во рамките на АМЕРИТ работат со полна пареа во насока на подобрување, како и во изготвување на агендата на приоритети на своето дејствување. Модерното време нè води кон дигитализација на транспортот, па оттука, една од нашите амбициозни цели е вклучувањето во дигитализацијата на транспортните документи и во унифицирањето на транзитните постапки. Активно ги следиме сите трендови во секторот, постојано воведувајќи нови услуги. Во прилог на сето ова оди фактот за одличната кадровска екипираност и подготвеност.

**Од почетокот на годинава стапија во сила одредбите од ЕКМТ – Повелбата за квалитет во патниот транспорт во Европа, која е практично нов стратешки документ за меѓународниот патен сообраќај на стариот континент, која донесува низа новини, и тоа пред сè во делот**




**на (до)обуките на транспортерите и сертифицирањето на нивните кадри. Како кај нас течат активностите за усогласување на натамошното работење и дејствување на македонските патни транспортери со оваа нова европска стратегија за развој на патниот транспорт?**

Предлозите на транспортерите, кои стигнуваат до АМЕРИТ, ќе се достават како иницијатива до Државниот инспекторат за транспорт, со цел да се заштитат легалните превозници и да се искорени сивата економија во секторот

Како и досега, така и сега, ние се стремиме на сите можни начини и во нашите можности да им помогнеме на македонските превозници. Конкретно, во делот на обуките, веќе неколкупати имаме кажано дека сме подготвени и можеме да ги исполниме сите барања кои се поставени од страна на Министерството за транспорт со новите измени во Законот за превоз во патниот сообраќај, а се наметнати од ЕКМТ-Повелбата за квалитет во патниот транспорт во Европа. Како што знаете, нашиот Центар за обука е член на Академијата на ИРУ и со тоа ги има исполнето сите критериуми и добиено сите акредитации за меѓународно признаени програми на обука за професионалните возачи и менаџери. Тоа подразбира дека многу одамна ги имаме имплементирано сите потребни програми и начини за професионална обука на возачите во меѓународниот транспорт.

Во поглед на усогласувањето со новините во делот на обуките, кои се поставени од страна на Министерството за транспорт и врски, сметам дека претходно кажаното ви дава јасна слика дека од многу одамна сме подготвени да ги примениме потребните критериуми. Нашето неколкугодишно активно учество во SEED-проектот за хармонизација на стандардите во обуките со тие кои се применуваат во ЕУ, а се во согласност со ЕКМТ – Повелбата за квалитет, се доказ дека ние одамна сме подготвени за промените што следуваат.

**Редовните распределби на транспортните документи – ЦЕМТ и другите дозволи за транспорт на стоки и одобрувањето на возните редови и линии за меѓупштинскиот и меѓународниот превоз на патници се меѓу најзначајните настани за патните превозници во Македонија. Дали со овие годишни административни операции со можеби најбараните и најпосакуваните транспортни документи, се обезбедува нормално функционирање на македонскиот патен транспорт во периодот што следува и има ли можеби некои пропусти на тој план или предлози од членките за нивно унапредување?**

Во период на очекување на резултатите од прелиминарната распределба за ЕКМТ-дозволите за наредната година, можам само да ви кажам дека неизвесноста и очекувањата се големи. Оваа година, 555 фирми аплицираа за 1.476 дозволи, а во системот се евидентирани 7.938 возила, влекачи и приколки и 4.788 возачи. АМЕРИТ оваа година активно им помагаше на превозниците при анализа на нивната апликација и искрено се надевам дека со измените во Уредбата за распределба на транспортните дозволи, бројот на незадоволни превозници ќе биде многу помал од претходната година.

**Досега најзначајните заложби и барања на АМЕРИТ и нејзините членки беа за успешно финализирање на борбата со сивата економија во патниот сообраќај, односно за**

**сузбивање на дивите превозници. Има ли шанси да се анулира оваа несакана појава во македонскиот патен транспорт?**

Во рамките на Асоцијацијата, функционираат работните групи за патен товарен и за патен патнички транспорт. На агендата на приоритетите на работната група за патнички транспорт една од главните теми, која се дискутира е токму сузбивањето на дивите превозници. За овој проблем, кој со години егзистира, а со развојот на социјалните мрежи се мултиплицира, досега не е најдено соодветно и ефикасно решение. Предлозите на транспортерите, кои стигнуваат до АМЕРИТ, како иницијатива ќе се достават до Државниот инспекторат за транспорт, со цел да се заштитат легалните превозници и да се искорени сивата економија во секторот. Иако патничкиот превоз е најекономичен, најефикасен, најбезбеден и најеколошки, сепак е и најдискриминиран во однос на другите видови транспорт. Бидејќи превоз-ниците се соочуваат со огромни загуби, меѓу другото и токму поради дивиот превоз и нелојалната конкуренција, сметаме дека треба да се донесат низа мерки, со кои овој вид транспорт ќе се стави на оправданото приоритетно ниво.

**СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ во своето секојдневно работење дава испомош и логистика за транспортерите во користењето на разни е-алатки и други услуги неопходни во транспортната дејност. На каков одѕив наидуваат тие и колку се користат од страна на транспортерите, членки на АМЕРИТ?**

Во време на дигитализација на сите процеси во секојдневното дејствување, мошне логична и очекувана е употребата на современите технологии и во транспортната индустрија. Со имплементација на електронските алатки за ТИР, како што е електронската преддекларација ТИР-ЕПД, се намалуваат трошоците за транспортот и времето на чекање на границите. Транспортерите се секогаш расположени за употребата на е-алатките, кои ќе ја олеснат и забрзаат нивната работа, а со тоа ќе се забрза и превозот на патници и стоки. Ние, како асоцијација, постојано работиме заедно со членките за да бидеме во тек со светските дигитални трендови, кои значајно ги поедноставуваат транспортните процеси.

Возниот парк во патниот транспорт е еден од клучните аспекти за непречено и профитабилно работење на патните транспортери, како во




автобускиот превоз на патници, така и во транспортот на стоки. Во последно време, на овој план и во светот и кај нас сè почесто се зборува за разни субвенции, но и за други начини и модели за модернизација на возниот парк на превозниците. До каде сме ние на тој план? Македонските патни транспортери располагаат со значително добар возен парк, што е за

> Планираме да поведеме иницијатива која би ги отворила дискусиите и во делот за субвенции за модернизирање на возниот парк на транспортерите што истовремено ќе значи и почиста животна средина и поголема безбедност на патиштата

поздравување. Единствено со високоеколошки возила тие можат да бидат конкурентни на европските пазари. Морам да напоменам дека се увезени и голем број возила со пониски стандарди, додека во исто време, Европската Унија ги крена еколошките стандарди на повисоко ниво. Возилата што беа увезени како половни, сепак, остануваат на македонските патишта бидејќи не ги исполнуваат европските стандарди. Ние, како асоцијација, секогаш ги застапуваме интересите на транспортерите што се наши членки. Секако дека ова прашање е многу интересно и вредно, па така и ние планираме да поведеме иницијатива која би ги отворила дискусиите во делот за субвенции за модернизирање на возниот парк на транспортерите што истовремено ќе значи и почиста животна средина и поголема безбедност на патиштата.

**Постојани се барањата на превозниците за помош од државата во создавањето на нови транспортни кадри, на што инсистира и ИРУ во своите апели и препораки за унапредување на транспортната дејност во светот. Какви се коментарите за ова кај членките на АМЕРИТ?**

Недостатокот на професионални возачи е навистина голем проблем со кој се соочува транспортната индустрија. ИРУ напорно работи во процесот на привлекување и инспирирање на младиот кадар. Енергијата на младите како и нивната креативност и мотивација во време на автоматизиција и софистицирани интелигентни системи е повеќе од потребна. ИРУ работи и ќе продолжи




да работи со сите засегнати страни во јавниот и во приватниот сектор, а кои се расположени за имплементација на серијата планирани акции. ИРУ креираше Фонд за надминување на недостатокот на професионални возачи, кој ќе дејствува во четири клучни области, како што се: знаење, тренинзи, развој на меѓународна кампања, како и вмрежување на кое ќе се споделуваат најдобрите практики преку различни настани. АМЕРИТ, како членка на ИРУ, ги поддржува овие активности и ќе ги приспособи на состојбите кај нас.

**АМЕРИТ е постојано ангажиран за координација и соработка со надлежните државни органи (ресорното министерство, МВР, Царина...) од кои зависи нормалното функционирање на македонскиот патен транспорт. Кои предлози ги нотирате од членките на АМЕРИТ за унапредување на таквата соработка и за подобрување на нивното работење?**

За успешно работење на Асоцијацијата неопходна е блиска соработка со институциите, кои се директно или индиректно поврзани со транспортот. Пред сѐ, задоволни сме од соработката со Министерството за транспорт и врски и со Царинска управа на Република Македонија. Многу проблеми, со кои се соочуваат транспортерите, егзистираат со години и само со заедничка заложба и иницијативи пред надлежните органи можеме да го оправдаме нашето работење и да ги подобриме условите за работа. Со Министерството за транспорт и врски соработуваме на секојдневна основа бидејќи имаме јавно овластување за издавање на тахографски картички, овластување за вршење на обуки за професионална компетентност и АДР. Заедницата активно учествува во мешовити и други комисии, формирани од ова министерство. Со МВР, соработката главно се состои во делот на дигиталните тахографи и безбедноста на патиштата, додека со Царинската управа имаме задача да го спроведуваме и унапредиме ТИР-системот. Овде е и Договорот за олеснување на трговијата, за што повеќе превозници да го добијат статусот ОЕО – Овластен економски оператор. Како дел од менаџментот на Асоцијацијата, заедно со директорот на АМЕРИТ, г. Лефтер Андонов, ќе се залагаме транспортерите да бидат соодветно презентирани и ислушани пред надлежните и воедно ќе застанеме зад сите ставови на фелата во насока на подобрување, забрзување и поедноставување на транспортот.

> Имаме во план повеќе активности, кои ќе одат во прилог на транспортерите, наши членки

**Посочете ни некои од плановите на АМЕРИТ за следната година и дали меѓу нив има нови проекти, кои би биле дополнителна поддршка на транспортната индустрија?**

СИЗ „Македонија сообраќај" АМЕРИТ постојано работи и дава поддршка на членките. Имаме во план повеќе активности, кои ќе одат во при-лог на транспортерите, наши членки. Планирано е проширувањето на услугата за тахокартичките. Имено, тоа проширување на овој сегмент ќе оди во насока на чување на податоците од тахокартичките според законската обврска, како и нивна достапност. Планирано е отворање и на шпедиција, со што транспортерите ќе можат да ја завршат целокупната документација на едно место. Нашата заложба за дигитализација во транспортната индустрија може да се види и преку проектот е-Автобуска на кој активно работиме, кој треба да го олесни функционирањето во процесот на купување на автобуски билети и од кој корист треба да видат сите вклучени, заинтересирани и засегнати страни.

**Ј.Б.**



# ЕКО-НАЛЕПНИЦИ, СУБВЕНЦИИ, ЖОЛТИ ТАБЛИЧКИ ЗА ТАКСИСТИТЕ...

Владата ги донесе овие измени и тие влегоа во собраниска процедура, притоа предизвикувајќи различни и многубројни реакции и во обичната, а и во стручната јавност

Еколошка категоризација на возилата, субвенции за набавка на нови еко-возила, односно за замена на старите, поставување плински уреди, воведување на жолти таблички за такси-возилата, се главните новини во измените и дополнувањата на Законот за возила што во почетокот на ноември ги донесе Владата, а кои при крајот на месецот влегоа и во собраниска процедура. Притоа, како што нагласија владините министри, Крешник Бектеши, министер за економија и Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, како и заменик министерот за животна средина Јани Макрадули, овие законски новитети се предлагаат како дел од мерките што ќе придонесат за намалување на загадувањето на воздухот во државата, а кое е со особено високи концентрации во главниот град Скопје. Разбирливо, овие законски измени веќе предизвикаа различни и многубројни реакции и во стручната и во обичната јавност, а тие се чини нема да стивнат ни по нивното донесување во Собранието и стапувањето во сила што треба да уследи шест месеци откако ќе бидат усвоени и објавени во „Службен весник на РМ“. Со измените, како прв новитет се предвидува еколошка категоризација на возилата во земјата, односно воведување налепници за секое возило кое учествува во сообраќајот, согласно со еколошките стандарди, и тоа со зелена налепница, за прва категорија, ќе се означуваат возилата со стандарди „евро 6“ и „евро 5“, па и со „евро 4“ на кои е вграден уред за течен нафтен гас или компримиран земјен гас, како и електричните и хибридните возила. Тие ќе може слободно да се движат во заштитените еколошки зони, дури и при енормно загадување на воздухот во градските средини. Втората категорија,со жолта налепница, ќе ја сочинуваат „евро 3“ и „евро 4“ возилата, како и оние со „евро 2“ стандард, на кои е вграден уред за течен нафтен гас или компримиран земјен гас, за кои ќе има ограничување на движењето во сообраќајот, според одлуките на општините и Град Скопје. Во третата, најниска категорија, која ќе се означува со црвена налепница, ќе бидат „евро 2“ возилата или пониско, односно без стандард, за кои ќе биде забранет сообраќајот во период кога има загадување на воздухот. Новите одредби на Законот за возила, предвидуваат и казна од 500 евра, ако приватното возило нема налепница. Доколку станува збор за фирма, казната ќе биде 2.000 евра. Парично ќе бидат казнети и возачите за кои ќе се утврди дека возат со налепница, која е забранета за тој ден. Износот на казната ќе се движи од околу 300 евра за физички до илјада евра за правни лица. Како втор новитет, во споменатите измени на Законот за возила се субвенциите од 5.000 евра за секое купено електрично возило, а 3.000 евра за купено хибридно возило. Во првата година по стапувањето на законот во сила, ќе се доделат вкупно 200 такви субвенции.

Трет новитет е субвенционирањето на трошоците за вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во постојните возила, и тоа најмногу 50 отсто од трошоците за набавка и вградување на уредот, но најмногу до 300 евра од возило. Во првата година се планираат 1.200 такви субвенции. Четврт новитет се субвенциите за купување нови возила, со одјава на старо возило, поточно, субвенционирање за купување ново возило ако претходно користеното возило се одјави, односно ако повеќе не се користи и заврши во отпад. Со ова ќе се зголеми увозот на нови возила во однос на половните, со што значително ќе се забрза обновата на возниот парк. Според проценките од Владата, за субвенциите во 2019 година се предвидени 170 милиони денари (2,76 милиони евра), 245 милиони денари (3,98 милиони евра) во 2020 година и 320 милиони денари (5,2 милиони евра) во 2021 година. Како петти новитет е одговорот на барањето на здруженијата за авто-такси превозниците со воведување на жолти таблички за такси-возилата, со цел да се постигне ред во такси-превозот и да се спречи нелојалната конкуренција во оваа област, преку забрана за вршење на нерегистрирана дејност. Посочените измени и дополнувања на Законот за возила, предизвикаа многубројни реакции и во обичната и во стручната јавност, кои се движат од начелно одобрување или воздржаност и очекување соодветни анализи од експертите и екологистите, па сè до сомневање и неверување во крајните ефекти од нивното донесување и примена. Последново е пред сè поради фактот дека сообраќајот, односно транспортот не е главен загадувач на воздухот во градовите, туку како што беше посочено и неодамна – затоплувањето на домовите на граѓаните во зимскиот период со цврсти (дрва и јаглен) и течни (нафта за домаќинствата) горива.

**Ј.С.Б.**

Двата автопати во изградба, ги надминаа главните пречки во реализацијата



# СО МИЛАДИНОВЦИ – ШТИП СЕ ПРИВРШУВА, А ЗА КИЧЕВО – ОХРИД СЕ КОМПЛЕТИРААТ ФИНАНСИИТЕ

Најголемиот автопат во Источна Македонија најверојатно ќе биде пуштен во сообраќај по Нова година, а со решеното финансирање, за Кичево – Охрид се најавува дека ќе биде завршен во 2021 година

Новите автопатишта во Македонија, чија изградба е во тек, на крајот на годинава влегоа во клучните етапи од својата реализација. Миладиновци – Штип е на самиот крај од завршната фаза и се очекува наскоро да биде пуштен во сообраќај, а Кичево – Охрид конечно ја заокружи целосната финансиска контрукција за неговото финализирање. Двете автопатски делници се градат со кредити од кинеската државна „Ексим банка“, а главен изведувач е кинеската компанија „Синохидро“. Со нив, годинава, беа договарани нови анекси на основните договори за завршување на градежните работи, поради пролонгирањето на првично дадените рокови за изградба од нивна страна.

Имено, на најголемиот автопат во Источна Македонија, чија вкупна должина е 47 километри, градежниците работат на последниот дел од 2 до 3 километри од трасата, каде што се поставува асфалт на последните 300 метри кај клучката „Три чешми“, од каде што возачите ќе се исклучуваат за да стигнат до градовите: Кочани, Радовиш, Струмица и Штип. Притоа, се финализираат последните технички работи, се обележува коловозот, се поставуваат: сигнализацијата, заштитната мрежа, таблите и знаците, а се засадуваат и дрвја околу автопатот. Како што информираа деновиве од Министерството за транспорт и врски, крајниот рок за изградба на оваа автопатска делница е 31 декември 2018 година и таа треба да биде пуштена во сообраќај по Нова година. Моментно, на неа деноноќно и интензивно се работи на преостанатите ситни детали за комплетирање на целиот проект што чини малку над 200 милиони евра, а кој треба да биде по сите европски стандарди. Првичниот рок за изградба на автопатот Миладиновци – Штип беше 1 мај 2017 година, но поради проблеми со експропријацијата на земјиштето, тој рок беше пролонгиран, за што беше потпишан Анекс-договор со кинеската компанија „Синохидро“. Изградбата на оваа автопатска делница започна во 2014 година.

Ноември мина и во знак на вториот автопат, Кичево – Охрид, за кој слободно може да се каже дека ја прескокна најголемата пречка во реализацијата – дофинансирањето на финалните градежни работи. Така, на една од седниците на Собранието на Република Македонија во средината на месецот, беа донесени законските измени, со кои се овозможува склучување на трет Анекс на Договорот за изградба на автопатот Кичево – Охрид, заради потребата од дополнителен заем од 187 милиони евра за непредвидени и дополнителни градежни работи што се нужни за целосно и квалитетно завршување на проектот. Со тоа, сега и на овој автопат, кој е постојано среде позициско-опозициски и судски (случај „Траекторија“) расправи, треба да се очекува интензивирање и непречено завршување на градежните работи. Со новиот Анекс, автопатот ќе чини околу 600 милиони евра, наместо првично предвидените 411 милиони, а дополнителните пари се за изградба на девет клучки, кои претходно не беа предвидени, како и алтернативен пат, дополнителни работи во тунелот Пресека, потоа сите пропусти за вода и ископите за стабилизација на косините и на крајот, санација на свлечиштата на целата траса. Неодамна, „Синохидро“ го проби првиот од двата тунели под превојот Пресека, со должина од 1.996 метри што почна да се гради пред 54 месеци. Наскоро се очекува да биде пробиена и втората тунелска цевка со вкупна должина од 2.011 метри. Изградбата на автопатот Кичево – Охрид долг 57 километри, започна во февруари 2014 година, а според последните најави, треба да заврши во 2021 година.

Ј.С.Б.

Големо признание за македонската инженерска комора и за нејзиниот претседател

# Проф. д-р Миле Димитровски избран за потпретседател на ЕЦЕЦ

Изборот на Димитровски е уште едно признание за македонската комора, која е особено ценета во меѓународната инженерска заедница

Професор Миле Димитровски, претседателот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија е избран за потпретседател на Европскиот совет на инженерските комори (ЕЦЕЦ). Ова големо признание за македонската инженерска комора и за нејзиниот прв човек се случи на 16. Генерално собрание на ЕЦЕЦ (ECEC – European Council of Engineers Chambers), кога беа избрани тројца потпретседатели, и тоа: покрај Миле Димитровски од македонската комора на инженери, уште и Хубертус Бројер од комората на Германија и Зигмунд Мејер од полската комора на инженери. На изборното собрание на ЕЦЕЦ, кое се одржа кон средината на ноември во Загреб, Хрватска, од австриската комора на инженери, за претседател беше избран Клаус Туреди, а од италијанската комора, за генерален секретар беше избран Ханцјорг Лецнер.

– Ова претставува уште едно признание за македонската комора, која е посебно ценета во меѓународната инженерска заедница поради својот пристап кон странските инженери, инженерските комори и системот на континуиран инженерски развој. Управниот одбор на комората го поддржа иницијалниот предлог на Инженерската иницијатива за регионална соработка, составена од: Словенија, Хрватска, Србија, Црна Гора и Бугарија, поради извонредниот ангажман во промоцијата на коморското работење во регионот, за овој мандатен период да ме кандидира мене за функцијата – вели Димитровски.

Мандатот на новиот состав на ЕЦЕЦ, чие седиште е во Брисел, е три години од денот на изборот.

Во буџетот на Министерството за транспорт и врски за наредната година




# НАД 6,4 МИЛИЈАРДИ ДЕНАРИ ЗА КАПИТАЛНИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ

Најголем дел од овие средства ќе бидат наменети пред сè за железницата и патиштата што е предуслов и за економски раст на државата и за подобрување на квалитетот на животот на сите граѓани

Од вкупниот буџет на Министерството за транспорт и врски за 2019 година, кој изнесува 7,2 милијарди денари, дури 90 проценти или 6,4 милијарди се наменети за капитални инвестиции во инфраструктурата и транспортот, а пред сè за железницата и патиштата. Ова, меѓу другото го посочи неодамна министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески, кој истакна дека реализацијата на капиталните проекти е главен предуслов за економскиот раст на државата и за подобрувањето на квалитетот на животот на сите граѓани.

Следнава година за Република Македонија ќе биде година на крупни капитални инвестиции во патната, железничката и комуналната инфраструктура, како и за изградба на гасо-водната мрежа – нагласи Сугарески, кој информираше дека најголем дел од капиталните расходи, односно 3,3 милијарди денари се наменети за изградба на железницата кон Република Бугарија и модернизација на пругата на Коридорот 10. Во делот на патната инфраструктура се предвидени и 123 милиони денари за изградба и реконструкција на локалните патишта.
– следната година очекуваме да обезбедиме 70 милиони евра заем од Светска банка кои ќе бидат наменети за подобрување на локалната патна мрежа во сите општини. Во Буџетот за 2019 година предвидовме и три милиони денари за изградба на локалните патишта




во Липково, како и четири милиони денари за изградба на локалниот пат во населеното место Таор во Драчево. Веќе следната година се започнува со нов проект за олеснување на трговијата на Западен Балкан, за што се проектирани 62 милиони денари и ова е проект што ќе се реализира во соработка со Светска банка, а опфаќа подобрување и опремување на граничните премини, мониторинг и безбедност на патниот Коридор 10 и други активности што ќе помогнат за меѓуграничната соработка на земјите од регионот. Вкупната вред-




ност на целиот проект изнесува 30 милиони американски долари – истакна Сугарески.

Инаку, наредната година, со старите, а и со новите инвестиции ќе бидат пласирани над 300 милиони евра за проекти во патната и во железничката инфраструктура во државава, при што кај се интензивираат активностите на големиот автопат Кичево – Охрид, се завршува проектната документација за автопатот Скопје – Блаце, како и дополнително и сериозно се интензивира изградбата на експресните патишта. **Ј.С.**

Со договори склучени неодамна со ЈП ДП

## ГП „Гранит“ ќе рехабилитира патишта за 10,5 милиони евра

Градежното претпријатие „Гранит“ склучи три договори со ЈП за државни патишта. за проектирање и рехабилитација на патните правци со вкупна вредност од околу 10,4 милиони евра. Со првиот договор, вреден над 3, 4 милиони евра, во период од осум месеци, компанијата ќе работи на патните правци Јурумлери – Драчево, Битола – Демир Хисар и Драчево – Орешани – Таор. Ист рок за реализација има и вториот договор, со кој „Гранит“ за износ од 3,3 милиони евра треба да ги проектира и рехабилитира делниците Делчево – Звегор, Делчево – Пехчево и Берово – Виница. Третиот договор, со вредност од 3,7 милиони евра и рок за реализација од 12 месеци ги опфаќа патиштата: Струмица – Ново Село, Кавадарци – Росоман и Фурка – Богданци – Гевгелија.



Почеток на новата дигитална ера на Царината




# НОВ ЕЛЕКТРОНСКИ СИСТЕМ СОЦДАД ЗА ОБРАБОТКА НА ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ

Со новиот електронски систем ќе се заменат царинските постапки што се базираат на хартија, со електронски постапки и на тој начин ќе се создаде поефикасна и помодерна царинска околина во согласност со глобалниот развој

Царинска управа на Република Македонија во средината на ноември го прифати новиот Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД) што ќе ја замени досегашната АСИКУДА и кој има за цел да ги замени царинските постапки што се базираат на хартија со електронски постапки. На тој начин, со новиот систем СОЦДАД, кој беше подготвуван во изминатите пет години и претставува почеток на дигиталната ера на Царинската управа, ќе се создаде поефикасна и помодерна царинска околина во согласност со глобалниот развој.

Со СОЦДАД треба да се поврзат сите постојни дигитални системи во една интегрална целина и да се воведе електронска царинска декларација за сите царински постапки во увозот и извозот, како и електронско поднесување и обработка на акцизни документи. Исто така, со овој систем ќе обезбедиме намалени трошоци за трговските трансакции, и ќе го олесниме спроведувањето на договорите за слободна трговија, подобро управување и контрола – велат од Царинска управа на Македонија.

Новиот систем претставува предуслов за понатамошно развивање на дигиталните решенија и услуги, правејќи го животот за учесниците во царинската и надворешно-трговската постапка полесен и за другите гранични агенции што се присутни на граница и за царинските службеници. Примената на новиот систем за обработка на царински декларации и акцизни документи ќе започне во првиот квартал од 2019 година преку пилот-царинските испостави, а неговото целосно ставање во функција се очекува во средината на идната година. Ова, меѓу другото, ќе резултира со поуспешна наплата на приходи, со порационално искористување на ресурсите и со поефикасна меѓународна трговска размена во која трговците електронски ќе разменуваат информации со Царината и со останатите агенции, учесници во царинската постапка.

За размена на податоци и поврзување на земјите од Западен Балкан

# РАБОТИЛНИЦА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЕДНОШАЛТЕРСКИОТ СИСТЕМ EXIM

На дводневната работилница, одржана во Скопје, присуствуваа и претставници од земјите од Западен Балкан, како и од USAID, UNECE и DG TAXUD

Дводневната работилница за Имплементација на едношалтерски систем и размена на податоци за поврзување на земјите од Западен Балкан се одржа во средината на ноември во Скопје, во организација на Царинска управа на Република Македонија, а во соработка со UNECE – Економската комисија на Обединетите Нации за Европа и Проектот на USAID за регионален економски раст. Работилницата беше можност да се искористат резултатите од работната група за Едношалтерски систем на ЕУ, искуството на експертите од Центарот за олеснување на трговијата и е-бизнис на ОН и експертизите на UNECE, а со цел усогласување на земјите од Западен Балкан со меѓународните стандарди во областа на едношалтерскиот систем EXIM. На работилницата, покрај претставници од институциите, корисници на едношалтерскиот систем EXIM, присуствуваа и претставници од земјите од Западен Балкан: Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија, Македонија и Косово, како и високи претставници на USAID, UNECE и DG TAXUD. Свое обраќање имаше и директорот на Царинска управа на Македонија, Ѓоко Танасоски, кој ја искористи можноста да го најави новиот проект за осовременување и надградба



на EXIM-системот. Директорот Танасоски, исто така, истакна дека се очекува новиот EXIM- систем да биде целосно дигитализиран и бесхартиен, да ги исполни одредбите од Договорот на Светската трговска организација за олеснување на трговијата, да придонесе за олеснување на трговијата и за намалување на трошоците за увозниците и извозниците.

Едношалтерскиот EXIM-систем веќе се користи за издавање на лиценци, дозволи и одобренија потребни за спроведување на царинската постапка, а кон овој систем се поврзани 16 владини агенции и со него се овозможува трговците да поднесуваат барања за добивање на дозволи за извоз или увоз по електронски пат. Преку овој систем, исто така, се врши распределба на царинските преференцијални квоти, врз основа на системот прв дојден – прв услужен, како и електронско следење на плаќањето на административните такси и другите надоместоци за нивно издавање. Едношалтерскиот систем EXIM значително ги намалува трошоците за извоз и увоз и ја олеснува постапката за распределба и добивање на царински преференцијални квоти.

Царинската управа продолжува со циклусот промоции



# ПРЕДНОСТИТЕ ОД ОЕО ПРЕЗЕНТИРАНИ И ПРЕД ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ ОД ОХРИД

Економските оператори од охридскиот регион имаа можност да слушнат и да се запознаат со предностите од здобивањето со статусот ОЕО, кој е еден од инструментите за олеснување на трговијата

Во организација на Царинската управа, а во соработка со Проектот за УСАИД за регионален економски раст (USAID Regional Economic Growth Project – REG), кон крајот на октомври, во Охрид, се одржа работилница за промовирање на концептот за „Овластен економски оператор“ (ОЕО), како и за неговото значење за економските оператори. Притоа, во рамките на оваа трета од низата работилници на истата тема, пред економските оператори од охридскиот регион беа презентирани предностите од здобивањето со статусот ОЕО, за кој присутните имаа можност да слушнат дека е еден од инструментите за олеснување на трговијата, како и тоа дека со последните измени на Царинскиот закон што се однесуваат меѓу другото и на критериумите за издавање на одобрение за овластен економски оператор, целосно се усогласени националните прописи со соодветните одредби на законот на Европската Унија.

Обраќајќи се пред присутните, директорот на Царинската управа, Ѓоко Танасоски, посочи дека целта на работилницата е економските оператори да се запознаат со факторите што треба да се земат предвид при користењето на концептот „Овластен економски оператор“, како и да ги слушнат сите придобивки и поволности на одобрениот статус, а како што веќе е познато, поволностите што ќе ги уживаат компаниите, кои ќе се здобијат со статусот на „Овластен економски оператор“ се: намален број на проверки на документи и контроли на стоките, доставување на претходни информации пред поднесувањето на царинската декларација што овозможува пуштање на стоката во слободен промет пред плаќањето на царинските и увозните давачки, како и можност за периодично поднесување на царинската декларација. Стекнувањето на овој статус, за домашните компании е предизвик затоа што станува збор за процес на имплементација на високи стандарди, а тие ќе имаат поедноставни, побрзи и поевтини постапки бидејќи ги задоволуваат предвидените законски критериуми и се сметаат за безбеден и сигурен партнер во трговскиот синџир за снабдување. Досега, најголем интерес за добивање лиценца за овластен економски оператор, има од оние компании што се занимаваат со транспорт, логистика и шпедиција.

Во насока на промовирање на олеснувањето на трговијата во услови на глобализација на трговијата и економска поврзаност помеѓу земјите, од Царинската управа најавуваат дека со поддршка на Проектот на УСАИД за регионален економски раст и во наредниот период ќе продолжат со организација на настани насочени кон запознавање на деловната заедница со концептот на ОЕО.

На 15. состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување што се одржа во Скопје

## Претставени напредокот и капацитетите на Царинската управа

Учесниците на состанокот беа информирани за тековните инфраструктурни проекти поддржани од ЕУ и нивното влијание врз забрзувањето на граничните и царинските постапки

Делегација на Царинска управа на Република Македонија, предводена од директорот Ѓоко Танасоски, учествуваше на 15-тиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување што се одржа на 13 ноември во Скопје. Притоа, во делот на Царинската унија, во рамките на состанокот на Поткомитетот, директорот Танасоски ги информираше претставниците на Европската комисија за напредокот во законодавството, за институционалниот и административниот капацитет на Царинска управа на Македонија, потоа за тековните иницијативи за олеснување на трговијата, за продлабочувањето на регионалната соработка, како и за одржувањето на ИТ-системите.

Исто така, во рамките на овој мошне значаен меѓународен состанок беше разговарано и за напредокот и



идните активности во развојот на Системот за обработка на царинските декларации (CDEPS), а и за одржувањето и развојот на информатичките системи за транзит и за интегрирана тарифна околина. Учесниците на состанокот беа информирани за тековните инфраструктурни проекти поддржани од ЕУ и нивното влијание врз забрзувањето на граничните и царинските постапки. Воедно, учесниците беа информирани и за новитетите од аспект на воведувањето на статусот „Овластен економски оператор“ (ОЕО) и активностите за меѓусебно признавање на ОЕО во рамките на ЦЕФТА-регионот. Од страна на претставници на Европската комисија беа презентирани и информации за новитетите во законодавството на ниво на Европската Унија.

За подобрување на јавниот транспорт во главниот град




# ЕБОР ГО ОДОБРИ ЗАЕМОТ ЗА 35 НОВИ ЕКО-АВТОБУСИ ЗА ЈСП „СКОПЈЕ“

Овој проект е со вкупна вредност од 11,8 милиони евра што се обезбедуваат со кредитната линија од ЕБОР (10 милиони евра), а останатите средства се од самото сообраќајно претпријатие

Европската банка за обнова и развој неодамна го одобри заемот од 10 милиони евра за финансирање на набавката на 35 еко-автобуси на компресиран природен гас (CNG) за потребите на ЈСП „Скопје“. Проектот за обновување на возниот парк на ЈСП е со вкупна вредност од 11,8 милиони евра кои освен со кредитната линија од ЕБОР треба да се обезбедат и со гаранција од државата и со средства од самото сообраќајно претпријатие. Новите автобуси, кои ќе бидат нископодни и ќе имаат најнови „еуро 6“ мотори, треба да ја подобрат сигурноста, безбедноста и ефикасноста на јавниот транспорт во главниот град, а технологијата на CNG ќе ги намали емисиите на загадување на воздухот, и тоа: на CO2 за 19 проценти, на PM-честичките за 98 отсто и NOx за 81 процент.

– Главната цел на Проектот е да го зголеми и подобри нивото на јавниот транспорт и да го подобри квалитетот на воздухот во Скопје, кој во моментов е еден од најзагадените градови во Европа. Со оглед на тоа што новите автобуси ќе ги заменат старите „еуро 2“ дизел-автобуси, предвидената инвестиција има големи еколошки и здравствени придобивки и значително ќе го зголеми квалитетот и ефикасноста на услугите што ги нуди компанијата – велат од ЕБОР, чии очекувања се дека преку овој проект ќе се подобри животната средина, јавниот градски превоз и менаџирањето на ЈСП.

**Ј.С.Б.**

## Владата ќе го гарантира заемот за набавка на еколошки автобуси за Скопје

Владата на својата 105-та седница, одржана на крајот на ноември, го усвои Предлог-законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на набавката на нови автобуси за Град Скопје (ЈСП), кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) и ЈСП „Скопје“. За средствата во износ од 10.000.000 евра заемопримач ќе биде ЈСП „Скопје“, а Република Македонија ќе издаде државна гаранција. – Оваа одлука Владата ја донесе тргнувајќи од состојбата со возниот парк на ЈСП „Скопје“ како исклучително скап за одржување и кој е еден од факторите за загадувањето на животната средина, односно на воздухот во градот. Со предвидената набавка се планира да се набават нископодни автобуси, кои работат на компримиран природен гас, со голема економска исплатливост и еколошка предност во учеството на намалувањето на аерозагадувањето – се вели во соопштението од Владата.




## Битола му ги врати трите автобуси на ЈСП „Скопје“

Општината Битола при крајот на ноември донесе одлука да ги врати трите автобуси од ЈСП „Скопје“, кои ѝ беа позајмени во почетокот на октомври, за да помогнат во тамошниот линиски и школски превоз, кога превозниците во градот излегоа на протести и изјавија дека нема да возат по новиот предлог-тарифник. Наспроти некои критики во јавноста за нивната дотраеност, автобусите беа пуштени во сообраќај во неколку наврати да земат ученици од места каде што немаше линиски превоз. – Автобусите беа позајмени за да одговориме на ситуацијата во која се најдовме во тој критичен период. Откако ја надминавме таа ситуација, заклучивме дека истите нема потреба да престојуваат во нашата општина и да носиме одговорност за нив, па ги вратиме – истакна Наташа Петровска, градоначалничката на Битола.



По неодамнешните најави



# ОБЈАВЕН ТЕНДЕР ЗА СООБРАЌАЈНИЦА И ТУНЕЛ ПОД КАЛЕ

Град Скопје ја започна постапката за реализација на проектот „Тунели под Кале“, кој опфаќа изградба на нова сообраќајница што ќе ги поврзе општините Центар и Чаир, преку продолжување на булеварот „Св. Климент Охридски“, со мост и вијадукт над реката Вардар и тунел под Скопското Кале, кон булеварот „Никола Карев“ (Пластичарска улица). За таа цел, во почетокот на ноември се распиша тендер за изработка на основниот проект и на измените и дополнувањата на проект за инфраструктурата на идната сообраќајница. Доставувањето на понудите за учество во тендерската постапка ќе трае до 20 декември. Со ова сообраќајно решение се предвидува од северниот до јужниот дел на главниот град, да се стигнува за 10 минути, а воедно и ќе се намали и сообраќајниот метеж на мостот „Гоце Делчев“ каде што дневно поминуваат до 90.000 возила. Истовремено, со овој проект ќе се направи поврзување на булеварот „Свети Климент Охридски“ со Пластичарска улица во Чаир. Избраниот проектант ќе треба да ги спроведе геомеханичките истражувања, но и да го изготви идејниот проект за идниот мост и вијадукт над реката Вардар што ќе биде лоциран кај седиштето на Владата. Проектната документација ќе се оформи врз основа на проектот за инфраструктура што е веќе изработен од „Чакар партнерс“, а изградбата би се изведувала во три фази, од кои првата фаза би ја опфатила изградбата на булеварот „Св. Климент Охридски“ со нов мост над реката Вардар до идниот тунел што ќе биде прв во градот. Неговата изведба во должина од 250 метри и ширина 20 метри би претставувала посебна етапа, додека во последната фаза би се градел потегот од тунелот до раскрсницата со Пластичарска улица.

Доставувањето на понудите за учество во тендерската постапка за овој проект ќе трае до 20 декември

## Започна со работа Зимската служба на Град Скопје

Од средината на ноември започна со работа Зимската служба на Град Скопје, а со тоа и координираните активности за зимско одржување на улиците во надлежност на градот, врз основа на Програмата, усвоена од Советот и средствата предвидени во буџетот на градот. – За оваа зимска сезона, Град Скопје обезбеди 4.000 тони сол што заедно со преостанатите количества од минатата сезона изнесува 4.500 тони сол, како и 300 тони ладен асфалт. Носител на активностите за зимското одржување на улиците ќе биде ЈП „Улици и патишта“ со целокупната механизација и расположивиот кадровски потенцијал. И оваа сезона, врз основа на претходносклучените двогодишни договори, ќе се ангажира дополнителна механизација од 15 камиони од фирмата „Аполо“, кои се опремени со навигациски уреди и возачи што ќе ги опслужуваат перманентно во текот на целата сезона – се вели во соопштението на Град Скопје. Со Програмата, како што наведуваат, се предвидени обемот, динамиката и нивото на одржување на улиците, со цел да се обезбеди непречено и безбедно одвивање на сообраќајот на градските сообраќајници во зимски услови. Посебно до возачите се апелира да ја почитуваат законската регулатива за задолжително користење зимски пневматици, со што ќе придонесат во организирањето на оптимална безбедност во сообраќајот, во зимски услови. За расчистување на сервисните улици надлежни се општините.



На Светскиот конгрес на ИРУ одржан во Мускат, Оман




# ТРАНСПОРТНИ ЛИДЕРИ ОД 75 ЗЕМЈИ ДЕБАТИРАА НА ТЕМАТА „ИНОВАЦИИ ВО ДВИЖЕЊЕТО“

Претставници на патни транспортни асоцијации, на бизнис-секторот и на владини институции од 6 до 8 ноември во Мускат разменуваа идеи и решенија што ќе ги дефинираат иднината на транспортот, мобилноста, логистиката и трговијата

„Иновации во движењето“, беше главната тема на Светскиот конгрес на Меѓународната унија за патен транспорт – ИРУ што се одржа од 6 до 8 ноември во Мускат, главниот град на Оман. На овој транспортен самит присуствуваа лидери на патниот транспорт од 75 земји, заедно со владини претставници и бизнисмени, а меѓу нив и од компаниите: Volvo, AXA, PWC, Mercedes Benz, MAN, IBM и Virgin Hyperloop, како и експерти и футуролози, кои се собраа да разменат идеи и да дебатираат за разни решенија и одлуки, со кои ќе ја дефинираат иднината на транспортот, мобилноста, трговијата и логистиката. За таа цел, беше потпишан и завршниот документ Muscat Compact, својевидна патна карта, односно патоказ за развој на транспортна индустрија во светот.

Претседателот на ИРУ, Кристијан Лабро ги поздрави учесниците на Конгресот и ги охрабри нивните активности:

– Возбудени сме што ја „донесовме индустријата“на Светскиот конгрес 2018 на ИРУ, во Оман за да учествуваме на новиот глобален настан за транспорт, мобилност и логистика. Ова е платформа за светските транспортни лидери да останат во игра и да продолжат со молскавичната брзина на иновациите и технологијата во оваа област – истакна Лабро.

Светскиот конгрес на ИРУ започна со говорот на претседателот на Goldman Sachs International и поранешен претседател на Европската комисија, Жозе Дурао Баросо, кој ги повика учесниците во индустријата да работат заедно за да извршат позитивни промени:

– Од суштинско значење е да се разговара, без оглед на различните интереси и непријателства бидејќи зборувањето е она што води кон договори што значи трговија и глобален просперитет – рече Баросо, кој се обрати на отворањето на пленарната сесија за да ја предизвика дебатата на останатите учесници.

Набил Салим Ал Бимани, началник на групата за пристаништа и слободни зони во Асиад, главен снабдувач на интегрирани логистички услуги во Оман, инаку кодомаќин на Конгресот на ИРУ, нагласи:

– Иновациите управувани од технологијата ќе бидат клучни за исполнување на утрешните предизвици.

Темите презентирани на Конгресот вклучуваа нови технологии, разни бизнис- модели, закони и стратегии за инвестирање, менување на трговските шеми, нови пазарни потреби, емисии, декарбонизација и социјални прашања во патниот транспорт. Притоа, футуристот Џим Керол ја охрабри индустријата да ги прифати промените:

– Во време на брзи промени, не можете да го очекувате истото она што функционирало во минатото. Мора да бидете спремни да работите поинаку. Оставете ја рутината, прифатете ја брзината – истакна Керол. Интерактивните сесии на тркалезна маса ги обединија јавниот и приватниот сектор за дискутирање на жешки теми. Така, за недостигот на возачи, Алекс Ноулс од Ноулс транспорт нагласи:

– Моето уверување е: „Автономни возила или не, секогаш ќе има работа за возачите на камиони“.

Осврнувајќи се на предизвикот за декарбонизацијата во патниот транспорт, Бени Сметс, извршен директор на белгиската транспортна компанија „Нинатранс“, предупреди:

– Алтернативните горива се иднината на патниот транспорт, но само ако се лесни за пристап.

Конгресот на ИРУ беше искористен и за разни состаноци и средби на претставници на министерствата за транспорт од: Блискиот Исток, Европа, Азија и Африка, за нивни разговори и договори на маргините на Конгресот и за постигнување конкретни резултати за стратегијата за заедничко дејствување во наредниот период.

Инаку, Конгресот во Мускат беше и финале во одбележувањето на 70-годишнината на Меѓународната унија за патен транспорт што одеше под мотото „Ние го сакаме патот“ (We Love the Road), а во чиј склоп ИРУ годинава реализираше повеќе настани. **Ј.Б.**



Финален документ потпишан на Светскиот Конгрес на ИРУ




# MUSCAT COMPACT – ПАТОКАЗ ЗА ИНОВАТИВНИОТ РАЗВОЈ И ИДНИНАТА НА ПАТНИОТ ТРАНСПОРТ

Овој завршен документ на Светскиот конгрес на ИРУ претставува принципиелна рамка за соработка што ќе ѝ овозможи на транспортната индустрија да ја преземе контролата врз својата иднина со користење на иновациите за надминување на тековните предизвици

Светскиот конгрес на ИРУ беше затворен со донесувањето на завршниот документ, Muscat Compact, кој претставува своевиден патоказ за иднината на патниот сообраќај, мобилноста, трго-вијата и логистиката. Тој се фокусира на четири клучни елементи: луѓето, трговијата, животната средина и иновациите и претставува принципиелна рамка за соработка што ќе ѝ овозможи на транспортната индустрија заедно за да ја преземе контролата врз својата иднина со користење иновации за надминување на тековните предизвици и несигурноста. Muscat Compact треба да поттикнува колективна акција и да ја води јавната и приватната соработка на локално, национално, регионално и глобално ниво, а тој беше дискутиран на затворен состанок на кој се разгледуваше како владите можат подобро да соработуваат со транспортните оператори за: поддржување на олеснувањата на трговијата, градење на човечки капитал, декарбонизација, дигитализација и олеснување на интермодалната ефикасност. За таа цел, 25 регионални и национални делегации се собраа заедно за да планираат акција за постигнување на глобалните цели на транспортната индустрија, како што е утврдено во Агендата за одржлив развој на ОН 2030 и Целите за одржлив развој (SDGs).

Muscat Compact беше презентиран за време на завршната сесија од страна на Емил Каикиев, министер за енергетика и инфраструктура на Евроазиската економска комисија, кој повика на соработка меѓу јавниот и приватниот сектор за унапредување во транспортот, трговијата и мобилноста.

– ИРУ одамна се залага за прекин на пристапот на силоси, со хармонизација и споделување на најдобрите светски практики. Тоа е поважно сега од кога и да е бидејќи се соочуваме со забрзани промени и значајни можности. Muscat



Compact ќе игра важна улога во сферата на транспортот, каде што дејствуваме заедно за да ја дизајнираме нашата иднина и да почнеме да ја градиме – рече Каикиев, а генералниот секретар на ИРУ, Умберто де Прето, додаде:

– Ова е дефинитивен момент за индустријата. Не можеме да ја предвидиме иднината, но можеме да ја градиме сопствената судбина во неа. Опстанокот на индустријата, на глобалниот просперитет, зависи од тоа.

Muscat Compact содржи пет мерки и четири темелни вредности и принципи, кои треба да и овозможат на транспортната индустрија развој во наредниот период. Во пакетот мерки спаѓаат:

1. Меѓународните организации и креаторите на глобалната политика кои треба да развијат јасни индикатори за следење на напредокот и мерење на влијанието на глобалните политики.

2. Владите кои треба да пристапат кон и да ги имплементираат трговските и транспортните конвенции на ОН

3. Политичарите кои треба да формулираат легислатива, политики и мерки кои обезбедуваат стабилен и одржлив патен транспорт.

4. Владите и сите чинители на синџирот на снабдување кои треба да работат заедно за да ги интензивираат напорите за понатамошно декарбонизирање на операциите и да ја подобрат безбедноста и сигурноста во транспортот.

5. Финансиската заедница која треба да ги направи ресурсите достап-




Истражување на ИРУ за транспортната индустрија

# Иновациите клучни за исполнување на предизвиците од иднината

Иновациите имаа клучна улога за надминување на предизвиците за патниот транспорт, беше посочено на Светскиот конгрес на ИРУ, каде што беше презентирано ново истражување за транспортната индустрија, реализирано од ИРУ. Во него, како најначајни основи, се издвоени:

**Премостување на јазот во иновациите**

Во истражувањето на ИРУ се вели дека со оглед на геополитичката и економската несигурност, иновациите ќе бидат клучни за исполнување на идните предизвици на транспортната индустрија. Борис Бланш, директор на ИРУ, објаснува како можат да се искористат придобивките од технологијата, но предупредува дека индустријата прво мора да ги поправи основите за да се подготви за иновациите што доаѓаат.

Со секој напредок во технологијата на транспорт, глобалниот животен стандард драматично ќе се зголеми. Таа го трансформира секојдневниот живот, правејќи ја трговијата полесна, побезбедна, побрза, посигурна и поудобна. Денес, патниот превоз станува сè повеќе дигитализиран, поврзан и автоматизиран. Автоматизацијата, електричните возила и дигитализацијата на оваа индустрија, ќе доведат до ефикасност за да помогнат во справувањето со постојано зголемување на побарувачката на потрошувачите за стоки. За жал, сè уште има припадници на индустријата кои допрва треба да ги прифатат новите технологии и процеси, и мора да се решат бариерите што ги спречуваат да го направат тоа. Со лансирањето на Muscat Compact, овие пречки може да се надминат, а крајниот резултат ќе биде ефикасна, професионална, одржлива транспортна индустрија, подготвена да ги исполни предизвиците на утрешнината.

**Подигање на придобивките од технологијата**

Операторите за патен транспорт се свесни дека треба да се приспособат. Истражувањата на ИРУ, спроведени со своите членки во Европа во април, покажале дека мнозинството (65 %) бараат да инвестираат во технологијата во текот на следните шест месеци за да ги оптимизираат нивните секојдневни операции. Исто така, двајца од пет испитаници (40 %) ги наведуваат автономните возила и една од четирите (26 %) платформи за дигитални услуги и нови превозници, како најважни промени, кои ќе влијаат на нивните бизниси во текот на следните 5 – 10 години. Во однос на безбедноста на транспортот (41 %) и товарот (30 %), се покажало дека традиционалната загриженост во врска со цената на горивото (50 %) и еколошките и регулаторните ограничувања (60 %) остануваат во прв план.

**Поправање на основите**

За да се прошират иновациите во индустријата, таа треба да се фокусира на поставување на основите за дигитализација за сите. На пример, имплементацијата на електронска документација, како што се e-CMR и дигиталниот TIR, може драстично да го намали чекањето на границите, заштедувајќи трошоци за 38 % и време до 80 %. Ова, во голема мера, ја подобрува ефикасноста и во крајна линија ја прави трговијата значително полесна за бизнисите. Но, операторите можат да преминат на технологии како e-CMR само кога протоколот на Конвенцијата на ОН за товарни листови е официјално ратификуван. Затоа, од клучно значење е владите и бизнисите да работат заедно за да формираат законодавство и да ги споделат најдобрите практики. Инаку, мала е веројатноста дека оваа желба ќе биде претворена во значајна трансформација.

**Модерна работна сила за современ свет**

Откако операторите ќе ја спроведат стратегијата за иновации, ќе ги разберат најдобрите практики и ќе го имплементираат потребното законодавство. Тие треба да обезбедат соодветна работна сила. Јазот на перцепција од кој страда камионската индустрија е уште една, значајна пречка за иновациите зашто таму има многу малку млади луѓе и вработени жени. Во САД, на пример, само 6 % од возачите на камиони се жени, додека просечната возраст на комерцијалниот возач на камиони е 55 години. Вестите за автоматизацијата, исто така, создаваат стравувања дека потребата од возачи ќе се намали. Но, истражувањата покажуваат дека постепеното движење кон автоматизација ќе значи еволуција во улогата на возачот, потреба од нови и вредни вештини, како и подобрување на работните услови.

Затоа, транспортните оператори треба не само да ја зголемат својата работна сила туку и да привлечат и да задржат нови групи на регрутанти, вклучувајќи и помлади лица и повеќе жени, кои ги имаат потребните вештини за работа во транспортна индустрија.

**Глобалното влијание на работата на транспортерите**

Светскиот конгрес на ИРУ во Оман се одржа во навистина возбудливо време за транспортната индустрија. Можностите за иновирање и развој се речиси бескрајни. Ефектите од иновациите во оваа област ќе се почувствуваат во заедницата, меѓународната економија и во целиот свет, а ќе останат запаметени и во историјата. Поради тоа, транспортните оператори, давателите на услуги, производителите и владите треба да го воспостават правилното законодавство, да ги споделат најдобрите практики и проактивно да се приклучат во развивање на новите демографски движења на работната сила во оваа област. Вградувањето на овие основи за вкоренување на иновациите, за возврат ќе овозможи процут на транспортната индустрија и на глобалната заедница во целина.

ни за да го искористи потенцијалот на тековниот бран на технолошки иновации, вклучувајќи дигитализација, автоматизација и поврзување на возила, возачи и транспортни системи.

Muscat Compact се потпира на четири клучни вредности:

ЛУЃЕТО – Тие се во срцето на индустријата за патен транспорт. Мотивирана и професионална работна сила, со добри работни услови, е од клучно значење за непречено водење на индустријата и за спроведување на промените што треба да се направат за да се искористат можностите на транспортот. За тоа е потребно справување со глобалната криза со недостиг на возачи и со проблемите со работната сила, како и соработка за да се обезбеди безбедност на патиштата. За сето тоа да се овозможи неопходна е сеопфатна стандардизирана обука и сертификација на професионалците за патен транспорт.

ТРГОВИЈАТА – Таа треба да биде добра, успешна, ефикасна и економски одржлива за да промовира економски раст, работни места, просперитет и на крајот мир. Клучна за остварувањето на таа цел е ефикасната соработка меѓу владата и индустријата, врз основа на јасни меѓународни стандарди и процедури, што ќе доведуваат до хармонизирани царински и транзитни постапки и отстранување на незгодни и рестриктивни трговски практики, при што е битна ефективноста на граничните операции.



ЖИВОТНАТА СРЕДИНА – Транспортот мора да коегзистира во хармонија со природната средина. Индустријата за патен транспорт е посветена на понатамошни операции за декарбонизација, а специфичните мерки во моментов вклучуваат: подобрена ефикасност на горивото преку нови технологии за возила, пошироко прифаќање на алтернативните горива, поефикасни логистички операции, обука на еко-возачите и зголемена употреба на колективниот јавен превоз.

ИНОВАЦИИТЕ – Дигитализацијата на постапките за патен транспорт и транзит создава значителни ефикасности за индустријата и за владите. Инвестициите во автоматизација ветуваат дека ќе ја зголемат безбедноста и сигурноста преку доставување нови решенија за отстранување на грешки и несогласувања.

Патниот транспорт низ очите на еден скејтбордер

# Кулиау пристигна на целта – во Мускат




Светскиот конрес на ИРУ што се одржа во Мускат, главниот град на Оман, беше главната цел на која пристигна во почетокот на ноември Дејвид Кулиау, филмскиот продуцент, скејтбордер и раскажувач, кој обиколи 18 земји од Европа и Азија, во рамките на кампањата „Ние го сакаме патот“ (We Love the Road), со која ИРУ годинава ја одбележува 70-годишнината од своето постоење. Мускат беше кулмина-цијата на оваа кампања на ИРУ, лансирана на 23 март во Женева, каде што се одржа централната свеченост по повод големиот јубилеј. Инаку, со неа се симболизира патувањето и егзистирањето на луѓето кои работат во и околу индустријата за патен транспорт, при што Кулиау пренесуваше изјави, мислења, искуства и импресии за разни аспекти во транспортот, и тоа од претставници на ИРУ, од превозници, возачи на разни типови еколошки возила... Низ своите разговори со нив, тој потенцира дека љубовта кон патувањето е сржта и есенцијата на нивната желба да се занимаваат со транспортната дејност. Притоа, Кулиау се провози и низ трите по територија најголеми држави во светот Русија, Кина и Индија, а сториите од ова негово седуммесечно патување беа раскажувани низ целата година преку блог, посветен на патувањето. – Откривањето на љубителите на патот на сите сфери и начини на живот за време на ова патување, во 18 различни земји и градови, беше незаборавно искуство кое ми помогна да нацртам живописна слика на транспортната индустрија од Европа до Блискиот Исток за да го споделам со светот – ја прокоментира Кулиау оваа своја авантура во рамките на „We Love the Road“, со која ИРУ ги обединува сите љубители на патот.



18 Ноември – Светски ден на сеќавањето на жртвите од сообраќајни незгоди



# ВО МАКЕДОНИЈА 160 ЛИЦА ГОДИШНО ГО ГУБАТ ЖИВОТОТ ПО ПАТИШТАТА

РСБСП со апел до сите надлежни институции да ја издигнат безбедноста во сообраќајот на врвот на агендата на дејствување, а учесниците во сообраќајот да покажат повисоко ниво на свест и одговорност

Во Македонија, на годишно ниво околу 160 лица го губат животот во сообраќајни незгоди, а повеќе од 6.000 лица се повредени. Според податоците на СЗО, годишно, во светот во сообраќајни незгоди гинат околу 1,3 милиони луѓе што претставува 2,2 % од глобалната смртност. Овие податоци покажуваат дека над 3.500 лица дневно умираат како последица на сообраќајни незгоди, а околу 140.000 лица се повредени. Од нив, дури 15.000 лица се здобиваат со трајни последици-траен инвалидитет.

Ваквите црни сообраќајни биланси, соопштени неодамна по повод 18 Ноември – Светскиот ден на сеќавањето на жртвите од сообраќајни незгоди беа причина Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата уште еднаш да апелира до сите надлежни институции да ја издигнат безбедноста во сообраќајот на врвот на агендата на дејствување, а учесниците во сообраќајот да покажат повисоко ниво на свест и одговорност.

– Црната слика на патиштата можеме да ја промениме само ако секој поединец, учесник во сообраќајот, го даде својот личен придонес за побезбеден сообраќај – истакнуваат од РСБСП и додаваат дека патиштата сè повеќе потсетуваат на бојно поле на коешто се случуваат трагедии без крај, се пролева многу крв и се испишуваат тажни семејни приказни.

Особено загрижува фактот што во светски рамки, околу 400.000 млади лица на возраст до 25 години го губат животот во сообраќајни незгоди, односно околу 1100 лица секој ден. Според СЗО, сообраќајните незгоди претставуваат трета причина за смртност кај децата на возраст од 5 до 9 години, втора причина за смртност кај децата на возраст од 10 до 14 години и кај младите на возраст од 20 до 24 години, а



прва причина за смртност кај децата на возраст од 15 до 19 години.

Свесни за сериозноста на предизвикот кој мнозина го нарекуваат „чума на 21 век", Обединетите нации декадата 2010 – 2020 ја прогласија за декада за безбедност во сообраќајот на патиштата, а третата седмица од ноември ја прогласија за недела на „Светскиот ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни незгоди". Ј.С.Б.

## Брзото возење е главната причина за сообраќајки со смртни случаи

Брзото возење е причина број еден за предизвикување сообраќајни незгоди со тешки и фатални последици. Од РСБСП информираат дека статистиката покажува дека минатата година во Република Македонија, 72 лица, односно 46 отсто од вкупниот број загинати лица во сообраќајни незгоди, се последица на брзото возење, кое е причина за повеќе од половина од настраданите лица во сообраќајните незгоди во Европа. Поради тоа, РСБСП ги советува возачите: – Запрете за миг, размислете добро и заклучете: што е тоа што го добивате, а што е тоа што го губите или може да го изгубите доколку не ги почитувате правилата за ограничување на брзината !?"

Брзината на движење на патиштата во Република Македонија е ограничена во зависност од условите на патот и таа е обележана со соодветен сообраќаен знак. Глобата за непочитување на оваа законска обврска изнесува и до 400 евра, односно соодветен број негативни поени и привремено одземање на возачката дозвола.

При ненадејни средби со возилата со право на првенство на минување




# КАКО ДА РЕАГИРАТЕ ВО СООБРАЌАЈОТ КОГА ЌЕ СЛУШНЕТЕ СИРЕНИ?

Пропуштањето на возилата со право на првенство на минување, кога со посебни уреди даваат светлосни и звучни сигнали е законска, етичка и хумана обврска на секој учесник во сообраќајот

Пропуштањето на возилата со право на првенство на минување, во кои влегуваат возилата на службите на брза помош, на полицијата, на противпожарните служби и на Армијата на Република Македонија, заслужува посебно внимание. Исто така, пропуштањето на возилата со право на првенство на минување кога со посебни уреди даваат светлосни и звучни сигнали е законска, етичка и хумана обврска на секој учесник во сообраќајот. Согласно со тоа, РСБСП дава совети како да постапи секој одговорен возач, во случаи кога ќе се најде во ситуација да го дели сообраќајот со возила што имаат право на првенство на минување:

**Лоцирајте го возилото!** – Кога ќе слушнете сирена, прво и основно е да бидете смирени и да се обидете да откриете од кој правец доаѓа звукот . Исклучете ја музиката и отворете го прозорецот. Треба да утврдите дали таквото возило доаѓа од зад вас, од напред или од страна.

**Анализирајте ја состојбата!** – Штом ја слушнете сирената, вашата реакција зависи од многу фактори вклучувајќи ја одделеченоста на возилото со право на првенство на премин, брзината на приближувањето, однесувањето на другите возачи, типот на патот, можноста за безбедно отстранување на вашето возило. Вам ви останува да ја донесете вистинската одлука во вистинскиот момент. Овде не е во прашање само законот. Со вашата реакција можете да го спасите животот на некое дете, сестра, мајка, татко...

**Одреагирајте!** – Доколку се наоѓате на отворен пат, без многу сообраќај, дозволете му на возилото со право на првенство на минување полесно да ве заобиколи, така што ќе ја намалите брзината и максимално ќе се поместите надесно. Ако сообраќајот е густ, односно ако сте во градскиот метеж, каде што ситуацијата е несporедливо покомплицирана – морате да изреагирате во согласност со околностите. Направете сè што е потребно да го пропуштите возилото со право на првенство на минување, а притоа да не се загрозите себеси или другите учесници во сообраќајот. На автопат, само ослободете ја левата лента – тоа ќе биде доволно.

**Гледајте го возачот и внимавајте на неговите сигнали!** – Кога ќе се најдете во ситуација да не знаете како да изреагирате при средба со возило со право на првенство на минување, воспоставете визуелен контакт со возачот и следете ги неговите упатства.

**Што не треба да правите?**

**Без ненадејно сопирање!** – Кога ќе го забележите возилото со право на првенство на минување зад себе, најлошо што може да направите е ненадејно да запрете, што не ретко и се случува. Така ризикувате да предизвикате судар, а истовремено и да го забавите возилото со право на првенство на минување.

**Без изненадувачки маневрирања!** – Однесувајте се како во секоја друга ситуација во сообраќај – пуштете трепкач на време или вклучете ги сите четири трепкачи доколку планирате да застанете.

**Не паничете!** – Паниката може само да ја влоши ситуацијата. Според тоа, кога ќе слушнете сирени зад себе, длабоко вдишете и проценете ја ситуацијата. Доколку можете да помогнете да помине возилото со право на првенство на минување, направете го тоа. Доколку не можете, останете смирени и чекајте ја првата можност да го направите тоа.

**Не правете нов проблем!** – И покрај добрата волја да помогнете, постои веројатност, во обидот да го пропуштите возилото со право на првенство на минување, да предизвикате сообраќајна незгода, па така наместо да помогнете, дополнително да ја искомплицирате ситуацијата. Затоа, бидете внимателни и обидете се, сè што ќе преземате да биде апсолутно безбедно, па дури и ако тоа значи моментално забавување на возилото со право на првенство на минување.

**И еден сантиметар има значење!** – Возачите на Итната помош се искусни и вешти „борци“ кои ќе знаат да го искористат секој сантиметар кој ќе им го обезбедите со поместување на вашето возило. Сообраќајните ленти се доволно широки, така што со поместувањето на возилата од двете страни би се обезбедила уште една лента на средина, за возилата на Итната помош или на противпожарната служба.

**ЗАПОМНЕТЕ: Кога возилата на службата за брза помош, на противпожарната служба, на полицијата и на Армијата на Република Македонија, со посебни уреди даваат светлосни и звучни сигнали, имаат право на првенство на минување во однос на сите други возила, освен во однос на возилата под придружба и возилата што се движат низ крстосница на која сообраќајот е регулиран со светлосни сообраќајни сигнали или со знаци на униформиран полициски службеник, под услов да не ја загрозуваат безбедноста на другите учесници во сообраќајот.**

Nikola Tre




Nikola Tre е сосема нов модел на американскиот производител на електрични камиони

# ЕЛЕКТРИЧЕН КАМИОН ОД АМЕРИКА ЗА ЕВРОПСКИТЕ ПАТИШТА

Тоа што Tesla е кај автомобилите, Nikola сака да стане кај камионите

Воопшто не е случајност што овие две компании се викаат вака. Исто така, не е случајно ниту тоа што иако е американска фирма, Nikola јасно и гласно ги изрази своите амбиции за европскиот пазар. Секако, најмалку е случајно што тој ќе се освојува со електричен камион. Неговиот погонски склоп се состои од систем на горивни ќелии кои трошејќи водород ќе ја произведуваат струјата за негов погон. Притоа, место издувни гасови, се испушта чиста вода. Ова решение е избрано бидејќи кај автомобилите вообичаениот електропогон со батерии не е применлив кај камионите заради големите растојанија што секојдневно ги поминуваат и (пре)тешките батерии. Иако ги користи компонентите од камионите што веќе се претставени за американскиот пазар, спецификациите на овој напреден влекач наречен Tre (што значи дрво на норвешки) не се целосно дефинирани. Од компанијата наведуваат дека електромоторите ќе имаат моќност меѓу 500 и 1.000 KS, горивните ќелии 120 kW, а батерискиот систем напон од 800 V. Автономијата му е декларирана на 500 до 1.200 километри, а полнењето со компримиран водород трае 20-тина минути. Се пофалија и дека забрзува двојно подобро од класичните дизел-камиони, дека има голема енергетска ефикасност и дека за целосна контрола ќе биде опремен со torque vectoring-систем. Не пропуштија да ги споменат и автономните можности, и тоа од петто ниво. Првиот прототип треба да биде покажан идниот април во САД, а тест-фазата ќе започне во 2020 година во Норвешка.

Производството на Nikola Tre за кое се бара локација во Европа, треба да започне во 2022 или 2023 година. Сепак, тоа не беше пречка Американците да започнат уште сега да примаат резервации за него, како што истакнуваат, без депозит. Цената, нормално, не ја објавија, но кажуваат дека освен по пат на класична продажба ќе го нудат и на лизинг. Голема пречка ќе биде скоро целосното отсуство на инфраструктура за полнење со водород – во цел свет има едвај 328 станици за тоа, од кои: во Европа 139, во Азија 118, а во Северна Америка 68. Најблиската до нас е во Виена. Затоа и Nikola планира да изгради сопствена мрежа станици за полнење водород со која до 2030 година би бил покриен поголем дел од Европа.




Овој напреден камион приспособен на европската регулатива, ќе биде достапен во 6×2 и 6×4 конфигурации, но дури од 2022 година или од 2023 година

Mercedes-Benz eCitaro




# MERCEDES-BENZ ГО ИСПОРАЧА ПРВИОТ ЕЛЕКТРИЧЕН АВТОБУС

Кога зборуваме за автобусите, слободно можеме да кажеме дека 2018 година поминува во знакот на Mercedes Citaro – хибридната верзија ја доби титулата „Автобус на годината“, а сега е испорачан и првиот електричен примерок

Првиот електричен автобус на Mercedes-Benz е подготвен да им служи на граѓаните на Хамбург. Daimler соопшти дека на јавното транспортно претпријатие од овој германски град му е испорачан првиот од дваесетте нарачани електрични автобуси. Во својата сериска изведба Mercedes-Benz eCitaro дебитираше во септември. Батериите со вкупен капацитет од 243 kWh напојуваат два електрични мотори со по 125 kW и 485 Nm. Автобусот може да понесе товар од околу седум тони и има капацитет за 86 патници. Во идеални услови може да помине околу 250 километри. Daimler наведува дека во реална експлоатација, овој електричен автобус ќе постигне автономија од најмалку 155 km. По тоа, eCitaro ќе мора да оди на полнење. Овие карактеристики покриваат околу 30 % од потребите на транспортните оператори. Во поглед на тоа, од Daimler најавија дека кај наредната генерација на eCitaro ова ќе се зголеми на 50 %.

Citaro е најуспешен автобус на Mercedes-Benz и од неговите две генерации досега се продадени повеќе од 50.000 примероци. Покрај класичната дизел-изведба, во понуда е и како хибрид, со погон на природен гас и сега со електропогон, а во план е и верзија со горивни ќелии кои за производство на струјата ќе го користат водородот како гориво. Хамбуршкиот јавен градски транспорт планира од 2020 година да купува исклучиво автобуси без штетни емисии. Овој превозник моментално оперира со околу илјада автобуси на 111 линии.



Mercedes-Benz eCitaro има два електромотори од по 125 kW и 485 Nm и капацитет за 86 патници

BMW X7



За новиот X7, BMW подготви навистина радикален дизајн во споредба со останатите модели од својата гама

# СЕЗОНА НА ЛУКСУЗОТ

Новиот X7 за почетна цена од 84 илјади евра ќе понуди седум седишта и најдобар луксуз

Скоро четири години по првите најави, најголемиот баварски теренец го здогледа светлото на денот. Доминира големата предна решетка која робусно е вкомпонирана со тенките и издолжени ласерски светла. Масивноста на површините е разбиена со отворите за воздух во браникот. Силуетата не е многу атрактивна поради гломазноста на пропорциите: X7 е долг 5 метри и 16 сантиметри, а висок е метар и осумдесет. Задниот дел е американски потсмирен и на него се препознаваат некои стилски потези од серијата 7. Целокупно гледано, овој модел заедно со серијата 8 допишуваат нови ноти во баварската дизајнерска симфонија.

Во внатрешноста на X7 се присутни најдобрите и најквалитетни материјали, со луксуз на ниво скоро како кај Rolls Royce. На средината доминира голем 12-инчен екран за инфозабавниот систем. Исто толкав е и дисплејот на дигиталната инструмент-табла. Широчината од цели два метри остава доволно простор за пополнување, за кој изгледа како дизајнерите на BMW да не се потрудиле многу. По избор, задната клупа може да биде заменета со две единечни седишта со функции за греење, ладење и масажа. На располагање на патниците, на задните седишта се ставени 10-инчни екрани, а на сите има WiFi конекција и безжични напојувачи за телефони. За комфорот во возењето ќе се грижи воздушното потпирање, а за атмосферата, четиризонскиот климауред. Зафатнината на багажникот, кога се во употреба само два реда седишта, изнесува импресивни 1.376 литри. Електрониката ќе се грижи за многу нешта, вклучувајќи го и паркирањето.


Во внатрешноста X7 е вистински одраз на сè што BMW може

BMW X7 во Европа ќе се нуди со два дизели од 265 и 400 коњски сили и еден бензинец со 340 коњи. Сите мотори се шестцилиндрични, со три литри работна зафатнина. Американците ќе се наслaдуваат на 4,4 литарскиот V8 со 462 коњски сили. При крајот на 2019 година, ќе биде понудена и хибридна верзија, за која се споменуваат 95 километри електрична автономија. Не е потврдено, но X7 сигурно ќе се појави и со V12 агрегатот од 6,6 литри развиен за Rolls Royce. Првите испораки се очекуваат напролет, а главни пазари се Кина, Русија и секако Соединетите Американски Држави.

McLaren Speedtail



McLaren ќе произведе 106 примероци од Speedtail, при што првите ќе бидат испорачани во 2020 година

# ПОБРЗ ОД САМИОТ СЕБЕ

## McLaren го покажа својот прв хиперавтомобил

Најавуван со месеци, првиот хиперавтомобил на McLaren започна да пишува ново поглавје во историјата на марката. Името Speedtail доволно кажува за него, но бројката од 403 km/h зборува уште повеќе. За оваа ѕверска максимална брзина заслужен е хибридниот погон со комбинирани 1.050 KS, извлечени со помош на технологијата од формула 1. Целиот автомобил всушност е болид наменет за патиштата, но дали навистина ќе може да се вози на нив зависи од законската регулатива на секоја држава поединечно. Имено, инженерите на McLaren толку се имаат внесено во задачата максимално да извлечат сè што може од тркачкото искуство на марката што чести се решенијата што се на самиот раб на легалноста. Сепак, оној што за овој хиперавтомобил ќе плати 1,75 милиони фунти без давачки тешко дека ќе го вози во отворен сообраќај. Тој ќе сака со полна сила да го почувствува забрзувањето до 300 километри на час за 12,8 секунди, што е подобро од она на ненадминатиот Bugatti Chiron.

Многу технички податоци за неговиот предизвикувач од Островот не се објавени. Целосно е направен од композитни материјали и е обликуван за максимално да се минимизира отпорот на воздухот. Затоа, наместо ретровизори, има камери што се извлекуваат од крилата. Од истата причина и предните тркала му се покриени. Во подобрувањето на аеродинамиката активна улога има и целиот заден дел. Во кабината има три седишта. Она за возачот ќе биде направено по негова мера, а задните две се интегрирани со монокок-шасијата направена од композитни материјали со нова технологија која вклучува употреба на титаниум. Преслечени се со специјална кожа која овозможува лесно да се седне, но во возење, го држи телото на своето место. Контролите се како во спејс-шатл, со бројни дисплеи и без ниту едно копче или прекинувач. Постои специјален брзински режим при кој возилото се спушта за 35 милиметри, а моторот, шасијата и каросеријата, подготвуваат за екстремни брзини.



Овој хиперавтомобил е еден од најавените 18 нови, хибридни модели до 2025 година во чиј развој McLaren ќе инвестира 1,2 милијарди фунти

Seat eXS KickScooterv

# НАЈЕВТИНИОТ SEAT ПРИСТИГНУВА НА ПАЗАРОТ

## Lamborghini продава облека, Bentley луксузен мебел, Aston Martin гради апартмани во Мајами, Honda прави авиони, Peugeot мелници за сол и бибер, а Porsche дизајнира разни производи

Не е невообичаено производителите на автомобили да се занимаваат и со нешто друго. По тој пат тргна и Seat, но сепак, реши да остане во светот на транспортот. Најновиот производ на марката од Марторел е електричен тротинет, кој во продажба ќе се најде од идниот месец. Наречен е eXS KickScooter и ја користи технологијата од сличен модел на Segway, на кој Шпанците му дадоа свој дизајн и го опремија со интересни додатоци. Тежок е 12,5 килограми, а максималната брзина што ја постигнува е 25 километри на час. Полнењето трае три и пол часа и може да помине до 45 километри. За секој случај, батеријата е отстранлива, па кој сака може со себе да понесе и резервна. За поудобно возење опремен е со темпомат и амортизери. За безбедноста се грижат електричната и механичката сопирачка, како и двете ЛЕД-светла напред и назад. Има и инструмент-табла, поточно мал дисплеј на кој се прикажуваат брзината и наполнетоста на батериите. Пакетот е заокружен со амбиентално осветлување, заштита против кражба и блутут-конективност, а цената му е 599 евра.

Одлуката Seat да започне со продажба на електрични тротинети е донесена заради фактот дека во Европа бројот на помлади купувачи на возила е намален за околу дваесет отсто.



Најевтиниот Seat ќе чини 599 евра

Škoda Scala



Škoda Scala ќе биде претставена пред крајот на годинава, а не е објавено каде ќе се произведува и на кои други пазари, освен на европскиот, ќе се продава.

# ЗАМЕНАТА НА RAPID ЌЕ ИМА И НОВО ИМЕ

Концептот Vision RS најави како ќе изгледа, а Škoda сега го објави и името на наследникот на Rapid

Запаметете го името Scala бидејќи во иднина често ќе го слушате – во Škoda одлучија наследникот на Rapid да се вика токму така. Освен новото име и изглед, овој модел ќе има и нов концепт – наместо седан со пет врати и полукараванската Spaceback изведба, ќе биде хечбек со димензии некаде меѓу компактните и супкомпактните. Пополнувајќи празнина за која досега VW одбиваше да даде дозвола да се пополни, Scala ќе цели да стане еден од носечките модели во гамата. Заради тоа и механиката ќе Ѝ биде посовремена од онаа на Rapid. Наново развиен, овој модел ќе има и поинакви габарити, повеќе приспособени на барањата на купувачите. Ќе биде подобрена и безбедноста, а опременоста ќе биде во согласност со стратегијата на марката, т. е. повеќе за помалку.

Од Škoda се сè уште воздржани во најавите, така што освен за името, за сè набројано одбиваат да зборуваат. Дури и неговиот изглед не го поврзуваат со тукушто претставениот концепт. Сепак е јасно дека со Scala многу нешта ќе се променат во понудата на оваа популарна буџетска марка.



Toyota Corolla Sedan



Новата Toyota Corolla Sedan е наменета за помладите професионалци кои сакаат престижен стајлинг комбиниран со супериорен комфор

# ЛЕГЕНДАТА СЕ ВРАЌА НА ЕВРОПСКИОТ ПАЗАР

По враќањето на името Corolla, Toyota на европскиот пазар ја враќа и нејзината седан-изведба која досега се продаваше само во медитеранските земји

Со својата 12-та генерација, Toyota Corolla Sedan ќе биде достапна насекаде низ светот, поточно во преку 150 земји, кои ќе се освојуваат почнувајќи од идната пролет. Покрај Европа, први на списокот се Соединетите Американски Држави и Кина, од каде што пристигнаа вестите за хибридната варијанта која ќе биде најсилниот адут за купувачите. Новата Corolla Sedan со изразените остри линии, однапред изгледа агресивно, а задниот дел е вообичаено конзервативен. Поставена е на веќе познатата глобална архитектура која овозможува поголем простор и подобри возни својства. Преминувањето на новата платформа ѝ донесе пониско тежиште, за 60 отсто поцврста каросерија и мултилинк за задно потпирање. Без оглед на пакет-опремата, Corolla Sedan стандардно ќе биде опремена со Toyota Safety Sense технологијата. Таа меѓу другото вклучува и автоматски долги светла, адаптивен темпомат, препознавање на сообраќајни знаци, пешаци и велосипедисти, како и систем за автоматско сопирање во случај на опасност.

Европската гама ќе се состои од само две моторни изведби. Задржан е 1,6 литарскиот бензинец со 132 коњски сили, кој ќе биде на располагање со 6-степена мануелна или континуирана трансмисија. Поинтересен ќе биде 1,8 литарскиот хибрид со вкупно 122 коњи, чија потрошувачка е декларирана на 3,4 литри на 100 километри. Посилниот хибрид и 1,2 литарскиот турбо-мотор од хечбекот и караванот, во овој момент не се споменуваат. Како и досега, новата Corolla Sedan за Европа ќе се произведува во Турција.



Производството на Volkswagen T-Cross е планирано во Европа, Јужна Америка и Кина

# VW ЈА КОМПЛЕТИРАШЕ SUV ГАМАТА

## Претставен е најмалиот и најевтин кросовер на Volkswagen

Почна со најголемиот, заврши со најмалиот – Volkswagen, барем засега, ја комплетираше својата SUV-гама. Нејзиниот најнов член T-Cross истовремено, беше претставен на три локации ширум светот: во Амстердам, Сао Паоло и Шангај. На тој начин, Германците јасно ги покажаа амбициите што ги имаат со овој модел за кој се зборуваше долго време. Поставен е на платформата на Polo и од него има преземено скоро сè. Еднолитарските мотори со три цилиндри и 95 и 115 коњски сили се засилени со поголемиот TSi од 1,5 литри и 150 коњи, а спротивно на трендовите во понудата е присутен и 1,6 литарскиот TDi со 95 коњски сили. Како што се претпоставуваше, погонот е само на предните тркала.

Дизајнот и димензиите се познати од порано: T-Cross е долг 4,1 метар и има меѓуоскино растојание од 2,56 метри. Тоа е доволно за пет патници со багаж од 385 литри. Нема изненадувања ни во изгледот на внатрешноста, но затоа електрониката е богато присутна не само преку конективните технологии туку и со безбедносните системи. Од Volkswagen наброија дека T-Cross располага со Front Assist со Pedestrian Monitoring и City Emergency Braking, Lane Assist, Hill Start Assist, како и со Blind Spot Detection со Rear Traffic Alert. Сето тоа е дел од сериската опрема, така што за доплата останаа само Driver Alert, адаптивниот темпомат и Park Assist-системите.



Најмалиот SUV на VW ќе пристигне на пазарот идната година

VW, Mitsubishi, Jeep...


Од Volkswagen потврдија дека новиот пикап е скоро подготвен за сериско производство

# МЕСЕЦ НА ПИКАПИТЕ

Како договорени, повеќе производители на возила истовремено претставија или најавија нови модели пикапи

Во последно време, сегментот на пикапите сѐ повеќе ги окупира плановите на производителите на возила. Сепак, минатомесечната инвазија на новости на оваа тема нѐ изненади не само нас туку и тие за кои ќе бидат наменети. Бразилците, на пример, воопшто не очекуваа Volkswagen да им сервира концепт во вид на пикап малку помал од Amarok. Наречен Tarok, во обликот во кој е покажан тежнее да биде попрактична алтернатива на кросоверите. Со други зборови кажано, иако се истакнува со функционалноста, ќе биде наменет за оние со вишок слободно време. Затоа и дизајнот му е модерен, исто како и технологиите со кои е исполнет. Има должина од 4,9 метри, двојна кабина, тарга-покрив, товарен дел кој се „истегнува“ и нанапред и наназад, како и дигитален кокпит и голем централно поставен екран чувствителен на допир. Носивоста му изнесува 1 тон.


Tarok иницијално е наменет за бразилскиот пазар, но постојат сериозни шанси да биде понуден низ целиот свет

Концептот што е прикажан, беше опремен со 1,4 литарски TSi мотор од 150 KS, кои преку автоматски менувач се пренесуваат на сите тркала. Сепак, бидејќи за основа е искористена сеприсутната MQB платформа, нема да може да се пофали со ултимативни теренски својства. Тоа исто така значи и дека цената ќе му биде поприфатлива. Во однос на неговата иднина, од Volkswagen изјавија дека овој авангарден пикап има потенцијал



Благодарение на Dynamic Shield-дизајнот на предниот дел, Mitsubishi L200 сега изгледа како да доаѓа од иднината

да ја засили гамата на нивните возила на глобалниот пазар.

На другиот крај на светот, во Тајланд, петтата генерација на Mitsubishi L200 доби нов футуристички изглед. Овој модел, на некои пазари познат како Triton, со помош на Dynamic Shield-дизајнот, на предниот дел дефинитивно се издвојува од конкуренцијата. Во внатрешноста, се забележуваат новата конзола и поквалитетните материјали, а од она што не се гледа од Mitsubishi ги истакнаа автоматското сопирање со детекција на пешаци, препознавањето на возила во мртвите агли и камерите околу целото возило кои даваат слика од 360 степени. Информации за моторизацијата сè уште нема, но се „шушка“ дека во Европа ќе биде понуден со 2,2 литарски дизел-мотор кој располага со 150 KS, во комбинација со нов 6-степен менувач. Направени се одредени измени и на потпирањето, така што L200 е поудобен отколку порано.

Обновениот модел ќе доаѓа со погон на две или на сите четири тркала, со три големини на кабината: единечна, продолжена и двојна. Како и досега, ќе се произведува во Тајланд и ќе се продава во 150 земји од целиот свет. Во Европа ќе дојде кон средината на идната година.

Од другите новости од светот на пикапите ќе ја спомeнеме само уште најавата на Fiat Chrysler дека конечно ќе го понуди класичниот Jeep во ваква верзија. Познато е дека легендарниот производител имаше повеќе вакви модели во минатото. Од поновите, на платформата на SJ настана Gladiator кој се произведуваше до 1988 година, а XJ беше основа за Comanche чиј последен примерок се продаде во 1992 година. Оттогаш до денес не е направен ниту еден пикап со знакот на Jeep, иако имаше и такви концепти. Сепак, изгледа дека 26 години отсуство беа доволни и можеме да го очекуваме новиот пикап кој засега се води под ознаката Scrambler JT.

Иако официјално потврден, информациите за него се оскудни и не откриваат многу. Како основа ќе се искористат шасијата и системот за потпирање слични на оние што се подготвуваат за RAM 1500. Од таму знаеме дека ќе има 8-степен автоматски менувач и оски произведени од компанијата Dana. Скоро сигурно е дека за погон ќе се користат бензинските 3.6 V6 Pentastar и 2.0 Hurricane мотори, како и 3.0 EcoDiesel V6-агрегатот. Се очекува овој пикап да има корисна носивост од 700 kg.



Производството на пикапот на Jeep веќе е закажано за почетокот на наредната година во фабриката во Охајо, во која се вложени околу 700 милиони долари

## МАКЕДОНИЈА и БИХ



### Од 1 декември во сила Спогодбата за патување со лични карти

Од 1 декември, граѓаните на Република Македонија и Босна и Херцеговина, граничните премини на двете држави ќе можат да ги преминат и со лична карта. Тоа им го овозможува Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на БиХ, за условите за патување на државјаните на двете земји, која беше потпишана од страна на министрите за надворешни работи, Никола Димитров и Игор Црнадак, на 12 март годинава. Ова е втор конкретен чекор за олеснување на движењето на граѓаните меѓу двете земји, по меѓусебното признавање на возачките дозволи.

## СРБИЈА



### Пуштени во сообраќај две делници од автопатот кон македонската граница

Делниците од автопатот на Коридорот 10 кон македонската граница, Долни Нерадовац – Српска кућа и Српска кућа – Левосоје, се пуштени во сообраќај, соопшти Јавното претпријатие „Патишта Србија". Овие две делници, со придружните петљи Бујановац 1 и Бујановац 2, се отворени за сообраќај во ноември, а тоа е дел од трасата на автопатот со должина од 8,81 километар што е во склоп на проектот за изградба на автопатот Е-75, од Белград преку Ниш до границата со Македонија. Српската министерка за градежништво, инфраструктура и сообраќај Зорана Михајловиќ неодамна најави дека до крајот на годината ќе биде пуштен во сообраќај и преостанатиот дел од автопатот Е-75 кон Македонија, во делот на Грделичка Клисура.

## АВСТРИЈА



### Надоместок за користење на патишта / патарини за превоз на стоки

Австрискиот систем за наплата на надоместок за користење на патишта / патарини за превоз на стоки се однесува на сите возила со над 3,5 т MPW кои патуваат по автопатишта и брзи патишта (околу 2.000 km патишта). Патарините се собираат електронски со помош на мал уред наречен Go–Box прицврстен со леплива лента во внатрешноста на шофершајбната. GoBox чини пет евра и е достапен преку агентите низ Австрија и во граничната зона на соседните земји. Исто така, може да се нарача преку интернет од веб-страницата www.go-maut.at. Корисниците имаат избор на авансно плаќање или пост-плаќање на патарина. Чекирањата за да се обезбеди правилна употреба на системот, ќе се вршат од страна на мобилни единици, во контролните точки на сообраќајот, на главните наплатни пунктови и на границата.

Тековните тарифи на надоместокот за користење на патишта / патарини за превоз на стоки може да се најдат на линкот: www.go-maut.at.




### Максимална дозволена тежина и димензии - патнички транспорт

| | |
|---|---|
| **Висина** | 4,00 м |
| **Ширина** | 2,55 м |
| **Должина** | |
| Автобус со 2 оски | 13,50 м* |
| Автобус со 3 оски | 15,00 м* |
| Зглобен автобус | 18,75 м |
| **Тежина по оска** | |
| единечна оска | 10 т |
| погонска оска | 11,5 т |
| тандемска оска на моторно возило со растојание помеѓу оските | |
| · помалку од 1,00 м | 11,5 т |
| · од 1,00 м до помалку од 1,30 м | 16 т |
| · од 1,30 м до помалку од 1,80 м | 18 т |
| · од 1,30 м до помалку од 1,80 м, ако погонската оска е опремена со двојни гуми и пневматска суспензија или еквивалент или ако секоја погонска оска е опремена со двојни гуми и максималната тежина по оската не надминува 9,5 т. | 19 т |
| **Максимална дозволена тежина** | |
| Автобус со 2 оски | 19,5 т |
| Автобус со 3 оски | 25 т |
| Зглобен автобус | |
| · со 3 оски | 28 т |
| · со 4 оски | 38 т |

* максимална дозволена должина која не смее да се надмине кога возилото е опремено со преостанато место за ски или багаж

### Овластувања за превоз на патници

**Повремени транспортни услуги**

Според Регулативата ЕЗ 11/98 за заеднички правила за меѓународен превоз на патници со автобус, превозот на патници до, од или во транзит низ Австрија со помош на автобус кој припаѓа на компанија, која има седиште во Европската Унија, не е предмет на овластување. Регулативата ЕС 12/98 се применува за каботажа. Доколку поинаку не е предвидено во билатерален договор, повремениот превоз до, од или во транзит низ Австрија со помош на автобус регистриран во земја која не е членка на ЕУ, е предмет на овластување според § 11 од Законот за повремени превози.

Овластувањата се издаваат од:
Bundesministerium für Verkehr, Innovation und Technologie
Radetzkystraße 2, 1030 Wien
Abteilung IV/ST4 Personen und Güterverkehr
Telefon: +43 (0) 1 711 62 Durchwahl 65 5515
Fax: +43 (0) 1 711 62 Durchwahl 65 5866
E–Mail: st4@bmvit.gv.at




**Редовен превоз на патници**

Редовниот превоз на патници со автобус во Австрија е предмет на концесија.

Надлежниот орган за пропишување на концесија за вршење редовни меѓународни услуги е:
Bundesministerium für Verkehr, Innovation und Technologie
Radetzkystraße 2, 1030 Wien
Abteilung IV/ST4 Personen und Güterverkehr
Telefon: +43 (0) 1 711 62 Durchwahl 65 5515
Fax: +43 (0) 1 711 62 Durchwahl 65 5866
E–Mail: st4@bmvit.gv.at

Регулативата ЕЗ 11/98 се применува за редовни транспортни услуги во рамките на ЕУ. Соодветните билатерални договори важат за редовни транспортни услуги со земји кои не се членки на ЕУ.

Извор: **AISÖ**

## ХОЛАНДИЈА



# Ограничувања во превозот на стоки

За време на викендите или на државните празници, не постојат ограничувања за превоз на стоки. Меѓутоа, во лоши временски услови транспортот на опасни материи е ограничен. Кога видливоста е помала од 200 метри, забранет е превоз на:

– опасни материи во резервоари со капацитет над 3.000 литри,

– огномет во количини поголеми од оние спомената во делот 1.1.3.6 од ADR и

– противпожарни материи со броеви 0336 и 0337 на ОН со нето-експлозивна маса поголема од 20 кг.

Кога видливоста паѓа под 50 метри или има услови на замрзнатост, покрај гореспоменатите ограничувања, забранет е превозот на опасни материи во количини поголеми од оние спомената во потсекторот 1.1.3.6 од ADR.

Возилата што превезуваат исклучителни товари, исто така се предмет на ограничувања за превози на национални и локални патишта како што следува:

– помеѓу 6 часот и 10 часот (утрински сообраќаен метеж);

– помеѓу 15 часот и 20 часот (приквечер),

– во зависност од категориите на патот што треба да се користат за превозот и за тежината и димензиите на превозот.




### Државни празници во 2018 и 2019 година

| | |
|---|---|
| **2018 (до крајот)** | |
| 25 декември | Прв ден Божиќ |
| 26 декември | Втор ден Божиќ |
| **2019 година** | |
| 1 јануари | Нова година |
| 21 април | Велигден |
| 22 април | Велигден |
| 27 април | Национален ден / Ден на Кралот |
| 30 мај | Ден на Вознесение |
| 9 јуни | Духовден |
| 10 јуни | Духовден |
| 25 декември | Прв ден Божиќ |
| 26 декември | Втор ден Божиќ |

Извор: **TLN**






## ЧЕШКА

### Државни празници во 2018 и 2019 година

**2018 (до крајот)**

| | |
|---|---|
| 24 декември | Бадник |
| 25 декември | Божиќ |
| 26 декември | Св. Стефан |

**2019 година**

| | |
|---|---|
| 1 јануари | Нова година |
| 19 април | Велики петок |
| 22 април | Велигден |
| 1 мај | Ден на трудот |
| 8 мај | Ден на ослободувањето |
| 5 јули | Пророците Кирил и Методиј |
| 6 јули | Годишнина од смртта на Јан Хус |
| 28 септември | Денот на државноста |
| 28 октомври | Национален ден |
| 17 ноември | Ден на слободата и демократијата |
| 24 Декември | Бадник |
| 25 декември | Божиќ |
| 26 декември | Св. Стефан |




Извор: **CESMAD BOHEMIA**



## ЦЕНИ НА ГОРИВОТО ЗА НЕДЕЛАТА 48/2018

| ЗЕМЈА | ВАЛУТА | БЕЗОЛОВЕН 95 | БЕЗОЛОВЕН 98 | ДИЗЕЛ |
|---|---|---|---|---|
| Албанија | ALL | 174.00 | - | 172.00 |
| Андора | EUR | 1.170 | 1.250 | 1.060 |
| Аргентина | ARS | 41.100 | - | 35.290 |
| Ерменија | AMD | 473.00 | 493.00 | 463.00 |
| Австрија | EUR | 1.310 | 1.470 | 1.320 |
| Белорусија | EUR | 0.630 | 0.680 | 0.630 |
| Белгија | EUR | 1.410 | 1.480 | 1.570 |
| Б и Х | BAM | 2.36 | 2.46 | 2.37 |
| Бразил | BRL | 4.61 | - | 3.67 |
| Бугарија | BGN | 2.11 | 2.49 | 2.34 |
| Чиле | CLP | 855 | 893 | 657 |
| Хрватска | HRK | 9.28 | 10.16 | 10.01 |
| Чешка | CZK | 32.43 | 33.02 | 32.94 |
| Данска | DKK | 10.69 | 11.38 | 9.99 |
| Естонија | EUR | 1.329 | 1.379 | 1.359 |
| Финска | EUR | 1.516 | 1.600 | 1.501 |
| Франција | EUR | 1.492 | 1.543 | 1.478 |
| Грузија | GEL | 2.50 | 2.60 | 2.55 |
| Германија | EUR | 1.514 | 1.356 | 1.420 |
| Грција | EUR | 1.514 | 1.760 | 1.400 |
| Унгарија | HUF | 376.40 | 388.80 | 422.40 |
| Ирска | EUR | 1.478 | - | 1.399 |
| Италија | EUR | 1.652 | - | 1.572 |
| Јапонија | JPY | 155.90 | 166.70 | 135.20 |
| Казахстан | KZT | 180.00 | - | 191.00 |
| Летонија | EUR | 1.290 | 1.342 | 1.280 |
| Литванија | EUR | 1.164 | 1.248 | 1.164 |
| Луксембург | EUR | 1.182 | 1.248 | 1.149 |
| Македонија | MKD | 67.00 | 69.00 | 64.50 |
| Мексико | MXN | 20.89 | - | 20.08 |
| Молдавија | MDL | 18.76 | 19.67 | 16.77 |
| Црна Гора | EUR | 1.330 | 1.370 | 1.310 |
| Холандија | EUR | 1.662 | 1.739 | 1.457 |
| Норвешка | NOK | 16.63 | 17.62 | 16.36 |
| Перу | EUR | 3.63 | 4.05 | 3.32 |
| Полска | PLN | 5.04 | 5.37 | 5.27 |
| Португалија | EUR | 1.555 | 1.605 | 1.448 |
| Романија | RON | 5.19 | 5.34 | 5.61 |
| Русија | RUB | 45.80 | 52.40 | 46.00 |
| Србија | RSD | 153.90 | 164.10 | 168.60 |
| Словачка | EUR | 1.349 | 1.651 | 1.218 |
| Словенија | EUR | 1.319 | 1.452 | 1.357 |
| Шпанија | EUR | 1.278 | 1.422 | 1.247 |
| Шведска | SEK | 14.51 | 15.11 | 15.71 |
| Швајцарија | CHF | 1.600 | 1.670 | 1.780 |
| Турција | TRY | 6.43 | 6.39 | 6.41 |
| Украина | UAH | 32.09 | 33.03 | 31.85 |
| В. Британија | GBP | 1.268 | 1.377 | 1.356 |
| САД | USD | 0.690 | - | 0.870 |
| Уругвај | UYU | 54.95 | 57.01 | 40.40 |

## КАМИОНИ

### Продавам

**Волво ФХ 400**, од 2008 година, регистриран, со зелен картон, со четири нови гуми.
**071/345-424**



**ДАФ еуро 5**, од 2007 година, автоматик, на МК-таблички, регистриран до септември 2019 година, во одлична состојба, возен во Шведска, а последниве две години и на Балканов, сочуван екстра и приколка Шмитц, од 2008 ролетарка што се отвора од три страни, сè функционира, во одлична состојба, со поцинкувана шасија. Цена по договор.
**070/600-703**

**ДАФ ХФ460**, еуро 5, во одлична состојба.
**078/415-571**

**Застава 640 АД**, во одлична состојба, произведена 1980 година, со шест добри гуми без мани, во добра и возна состојба. Вреди да се види.
**077/508-228**

**Ивеко Стралис 450 ЕЕВ**, од 2010 година, автоматик, со поминати 650.000 км.
**070/650-582**

**Ивеко Стралис 420 АС440С42Т 420ХЛ**, од 2008 година, со поминати 850.000 км, регистриран до октомври 2018 година, редовно сервисиран, во одлична состојба и полуприколка Шмитц СЦС 24/Л – 13.62 ЛБ, стандард 2,78 церада, од 2007 година, регистрирана до јануари 2018 година.
**070/325-599, 078/325-599**



**МАН ТГЛ**, сега увезен во екстра-состојба, многу сочуван, со фул-опрема, од 2008 година, со 6000 л резервоар, принтер, ултракуст.
**075/464-832**

**МАН 28 314**, во топ-состојба.
**070/224-320**

**МАН ТГЛ 8 180**, од 2008 година, со дигалка, кран и сандак долг 5,20 м, нов увоз, многу сочуван, без замени.
**070/304-271**

**МАН ТГА**, во одлична состојба, редовно сервисиран, со поминати 850.000 км, реална километража.
**078/354-969**

**МАН ТГА еуро 5**, од 2007 година, со зелен картон, регистриран, со ретардер, одлични гуми.
**070/242-353**

**МАН влекач**, од 1999 година, со приколка од 1992 година, поседува клима, темпомат, ретардер, може и замена со кипер-кран или сандучар со кран.
**070/215-149**

**Мерцедес Актрос**, регистриран до 6.6.2019 година, со фул-опрема, солидни гуми, од 2007 година.
**070/214-415**

**Мерцедес Атего**, регистриран цела година, од 2005 година. Камионот е со три тенескопи Л=12.5, комплетно сервисиран со нови гуми.
**070/209-778**

**Мерцедес Атего кипер**, од 2007 година, со спер на диференцијали, со шест брзини, менувач, многу сочуван.
**070/304-271**

**Мерцедес Атего кипер**, од 2007 година, со шест брзини, менувач, спер на диференцијал, на шест федери напред и назад, кука, воздух, струја 12/24 волти хидраулика, АБС за приколка, многу сочуван, скоро регистриран, нов увоз. Вреди да се види.
**070/304-271**



**Сканија Р420**, еуро 4, од 2007 година и приколка Шмитц СКИ 124, нето-тежина 12.000 кг, регистрирани до октомври 2018 година. Цена 31.000 евра.
**075/588-650**

**Сканија Р400**, еуро 5 мега, од 2010 година, во одлична состојба, со нови гуми, без АДБЛУ, на БГ-таблички, регистриран цела година и полуприколка Шмитц мега, од 2006 година, со нови гуми, на БГ-таблички, регистрирана цела година. Цена за комплет 24.500 евра. Возилото работи на релација Германија – Италија и моментално е на пат.
**070/817-597**

**Сканија Р420**, од 2008 година, автоматик, во екстра-состојба, сервисиран, со сервисна историја, сите шест гуми гланц нови, сменети сет-корпа, ламела, лагер, уље и сите филтри, камионот може да се продаде со учество од 40 %, а остатокот на рати по договор, за цена од 15.000 евра.
**071/227-346**

**Сканија Р420**, од 2007 година, со еуро 5, ретардер, АДР.
**070/242-353**

## АВТОБУСИ

### Продавам

**Автобус МАН Неокар**, во одлична состојба, со еуро 3 мотор, со 49+2 седишта, со фул опрема. Може и замена.
**070/507-382**



**Мерцедес Варио** со 23 седишта, во одлична состојба, со јастуци, воздушни сопирачки, фабричка клима, комплетно сервисирана, регистрирано со нови гуми, електрична врата. Цена по договор.
**078/822-122**

**Автобус МАН**, од 2001 година, со 35 седишта, клима.
**070/214-097**

## ДЕЛОВИ

### Продавам

**Полуприколка Кроне**, од 2002 година, термокинг максима 1200, регистрирана, во одлична состојба и Шмитц од 1998 година.
**070/320-740**

**Шмитц полуприколки**, од 2007 и 2008 година, со страници и без страници, со дигање на покривот и предната осовина, во добра состојба. Само за сериозни купувачи. Ве молиме, без замени.
**075/230-484**

**Полуприколка Кроне мега**, од 2008 година, во перфектна состојба, со комплет сменет покрив, држачи, пластики, лагери и церада, има нови дискови, плочки, амортизери, гуми 70 %, моментално се наоѓа во МК, може и на МК-таблички.
**070/313-302**

**Полуприколка Кроне** со Вектор 1350, нова од 2018 година, со подвижна осовина, палетарка, луфтери, резервна гума, кутија за алат, термограф Датаколд 600 со два сензори, Вектор 1350, со една година гаранција од Кариер.
**078/347-254**

## ОГЛАСИ (преку SMS и e-mail)

Испратете го Вашиот ОГЛАС како SMS на:
070 / 40 11 11 и 070 / 40 11 07
или како e-mail на:
bizkontakti@yahoo.com
Внесете го Вашиот телефон или e-mail адреса

Наскоро револуција во градското возење



# ТЕХНОЛОГИЈА СО КОЈА ЌЕ НЕМА ЧЕКАЊЕ НА ЦРВЕНО НА СЕМАФОРИТЕ

Jaguar Land Rover развива технологија што на возачите ќе им советува брзина на движење со која секогаш ќе може да фатат зелен сигнал на семафорите

Ќе им дојде ли крај на нервозите, фрустрациите и кавгите меѓу возачите заради чекање на црвено светло на семафорите? Ваква најава пристига од компанијата Jaguar Land Rover, која моментно развива технологија што треба значително да го намали сообраќајниот метеж и чекањето на семафорите и со тоа да го револуционизира градското возење, да го скрати времето кое се минува во возилата, со што ќе се намалат и стресовите и загадувањето. Системот, на кој таму работат е наречен GLOSA (Green Light Optimal Speed Advisory) и е заснован на V2X-технологијата, односно на начинот на кој возилата комуницираат со транспортната инфраструктура, при што тие точно ќе знаат кога е запалено црвено или зелено светло и ќе го известат возачот за брзината со која треба да се вози за да се мине безбедно крстосницата. Врз основа на тие информации, возачите ќе ја зголемуваат и намалуваат брзината за секогаш да го фатат зелениот сигнал на семафорите.

Оваа технологија моментно се тестира на Jaguar F-Pace, а за да може да се користат сите нејзини функции, освен во возилата, системот треба да има информации за транспортната инфраструктура која ќе им овозможи употреба, односно поврзување на возилата со семафорите зашто ако другите возила во сообраќајот не може да се поврзат со семафори и немаат никакви информации во врска со брзината со која треба да се движат за да не се чека на црвено, лесно може да настане сообраќаен метеж и заглавувања во сообраќајот.

Инаку, освен GLOSA-системот, Јагуар развива уште една корисна технологија што на возачите треба да им помогне да најдат бесплатен паркинг-простор и систем за предупредување ако кон возилото се приближува брза помош или противпожарната служба за да се пропуштат да поминат.

Ј. С .Б.

## ВИЦОВИ

Сообраќајка меѓу камион и автомобил на планински пат, сто метри над провалија. Полицијата доаѓа, а ги пречекува само возачот на камионот. Полицаецот:

– И, како дојде до сообраќајката?

Возачот на камионот:

– Јас си возев, кога тој со автомобилот одеднаш удри со сета сила директно во камионот!

Полицаецот:

– Аха, и каде е тој сега?

Возачот: Побегна!

Полицаецот:

– Како и каде побегна?

Возачот:

– Така побегна, надоле по провалијата!

* * *

Бабичка со две пластични туби се качува во такси и му вели на таксистот:

– Момче, ај однеси ме до Катлановска бања да си наполнам минерална вода! Кога стигнале таму, бабата му подава на таксистот 20 денари.

– Што е ова мори бабо? Какви се овие 20 денари за возење до тука?

– Е, толку имам бре момче. Ако имав повеќе – ќе си дојдев со автобус!

* * *

Се враќа Ботка дома и му вели на мажот ѝ Боки:

– Срцка, за тебе имам и радосна и тажна вест!

– Е, ај, кажи ја прво радосната ?

– Воздушните перничиња функционираат!

* * *

Си разговараат две девојки во автобус:

– И вчера ми дојде момчето, еј ама убаво сме си поминале!

– Е што правевте, па толку убаво ви било?

– Па, цела вечер си бевме заедно!

– И?

– Пааа, се забавувавме!

– И?

– Се гушкавме, се галевме, се бакнувавме!

Одеднаш некој чичко во близина со нервозен глас:

– Ајде бре девојко кажи побрзо што правевте, требаше да се симнам уште пред две станици!



* * *

Ботка го буди Боки утрото во три часот и му вика:

– Абе Боки, вчера во фрижидерот оставив три шишиња ракија, зошто сега има само едно?

– Зашто не сум го видел!

# РЕГИСТРИРАЈ СЕ НА ВИСТИНСКОТО МЕСТО

▪ ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД И РЕГИСТРАЦИЈА НА МОТОРНИ И ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА ▪ МЕЃУНАРОДНИ ВОЗАЧКИ ДОЗВОЛИ ▪ АТП ПРЕГЛЕД ▪
▪ ОДОБРЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ТУЃО МОТОРНО ВОЗИЛО ▪
▪ КАЛИБРАЦИЈА НА ДИГИТАЛНИ И АНАЛОГНИ ТАХОГРАФИ ▪
▪ ИЗДАВАЊЕ НА ПРОБНИ ТАБЛИЧКИ И ПОТВРДА ЗА ПРОБНО ВОЗЕЊЕ ▪
▪ СИТЕ ВИДОВИ НА ОСИГУРУВАЊЕ ОД СИТЕ ОСИГУРИТЕЛНИ КОМПАНИИ ▪

ул. „1506" бр. 22, Момин Поток, 1000 Скопје | тел: 02/ 32 98 967 лок. 113
MakedonijaSoobrakajAMERIT | www.amerit.org.mk

МОТО АМЕРИТ